# ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА

**(Сл. Весник бр.63/06; 36/07, 40/08, 106/08, 45/10 и 119/10)**

**-пречистен текст-**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат: целите на енергетската политика и начинот на нејзина реализација, енергетските дејности и начинот на регулирањето на енергетските дејности, изградбата на енергетските објекти, функционирањето на Регулаторната комисија за енергетика, пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта и нафтени деривати и пазарот на топлинска, односно геотермална енергија, условите за остварување на енергетска ефикасност и промоцијата на користењето на обновливите извори на енергија и други
прашања од значење за енергетиката.

**Член 2**

Целта на овој закон е да обезбеди:
1) сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со енергија на потрошувачите;
2) создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор;
3) ефикасен развој на енергетскиот сектор;
4) поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност;
5) зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и
6) заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката.

**Член 3**

Дејности од областа на енергетиката во смисла на овој закон се:
1) производство на електрична енергија;
2) пренос на електрична енергија;
3) управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија;
4) управување со електроенергетскиот систем;
5) организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
6) снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало;
7) пренос на природен гас;
8) управување со системот за пренос на природен гас;
9) дистрибуција на природен гас;
10) управување со системот за дистрибуција на природен гас;
11) снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас;
12) снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
13) транспорт на нафта и нафтени деривати преку нафтоводи односно продуктоводи;
14) преработка на нафта и производство на нафтени деривати;

15) складирање на нафта и/или нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користата за транспорт, со биогорива;
16) производство на биогориво;
17) намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогорива;
18) производство на топлинска енергија;
19) производство на геотермална енергија;
20) дистрибуција на топлинска енергија;
21) дистрибуција на геотермална енергија;
22) снабдување со топлинска енергија;
23) снабдување со геотермална енергија;
24) производство на енергиј а од обновливи енергетски извори;
25) транзит на електрична енергија, природен гас, нафта или нафтени деривати и
26) трговија со електрична енергија, природен гас, системски услуги за електрична енергија и природен гас и трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.

**Член 4**

Дејностите од членот 3 на овој закон, можат да ги вршат домашни и странски правни лица врз основа на лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика под услови и на начин определени со овој закон, за секоја од дејностите од членот 3, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

**Член 5**

Дејностите од членот 3 на овој закон можат да се вршат ако објектите, уредите и постројките за вршење на тие дејности ги исполнуваат пропишаните стандарди, технички нормативи и нормите на квалитет и со нивната работа да не се загрозуваат луѓето, материјалните добра, животната средина и природата.

**Член 6**

(1) Правните лица кои ги вршат следниве дејности ги имаат обврските за јавна услуга определени со овој закон:
1) производство на електрична енергија за тарифни потрошувачи;
2) пренос на електрична енергија;
3) управување со систем за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија;
4) управување со електроенергетскиот систем;
5) организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
6) снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало;
7) пренос на природен гас;
8) управување со системот за пренос на природен гас;
9) дистрибуција на природен гас;
10) управување со системот за дистрибуција на природен гас;
11) снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас;

12) снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
13) производство на топлинска енергија;
14) производство на геотермална енергија;
15) дистрибуција на топлинска енергија;
16) дистрибуција на геотермална енергија;
17) снабдување со топлинска енергија и
18) снабдување со геотермална енергија.

(2) Јавниот интерес во вршењето на дејностите од ставот 1 на овој член се обезбедува од страна на вршителот на дејноста преку исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на начин и постапка определени со лиценцата за вршење на соодветната енергетска дејност, а во согласност со условите утврдени со закон или друг пропис.

(3) Со обврските за јавна услуга се обезбедува сите потрошувачи на електрична енергија на територијата на Република Македонија, како и на сите потрошувачи на природен гас, топлинска и геотермална енергија на територијата на која се обезбедува услугата, приклучени на преносна или дистрибутивна мрежа да имаат пристап на соодветната мрежа и сигурно, квалитетно и непрекинато снабдување со енергија за сите корисници на системот на територијата на која се обезбедува услугата, под исти услови цени и тарифи претходно одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика, кои треба да ги содржат трошоците за обезбедување на овие услуги, како и за ефикасно користење на енергетските ресурси заштита и унапредување на животната средина и природата.

(4) Сигурноста во снабдувањето со одделен вид на енергија се обезбедува особено преку постигнување на рамнотежа меѓу понудата и побарувачката на пазарот на одделен вид на енергија, прогноза на нивото на очекуваната идна побарувачка од одделен вид на енергија и можностите на задоволување на прогнозираните потреби во однос на расположливите енергетски извори и капацитети, преземање на мерки за изградба на нови енергетски капацитети, квалитетно и на високо ниво одржување на енергетските системи, како и мерки за покривање на врвните оптоварувања и мерки за справување при неможност на испорака на одделен вид на енергија.

(5) Правното лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес, доколку врши и некоја друга енергетска дејност што не е од јавен интерес, должно е во своето сметководство да обезбеди посебно сметководство за секоја од енергетските дејности од јавен интерес кои ги врши.

(6) Правното лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес ги поднесува своите годишни ревидирани финансиски извештаи до Регулаторната комисија за енергетика, како и консолидирани сметки за другите дејности и биланси со преглед на приходите, расходите, изворите на финансирање на инвестициите, начинот на финансирање на инвестициите и резултатите од работењето за секоја дејност поединечно.

**Член 7**

(1) Дејностите од членот 6 на овој закон можат да ги вршат трговски друштва или јавни претпријатија основани во согласност со закон.

(2) Дејностите на пренос на електрична енергија и пренос на природен гас од членот 6 точки 5, 6, и 10 на овој закон, ги вршат јавни претпријатија,

односно акционерски друштва основани од Владата на Република Македонија како единствен акционер, односно акционерски друштва во доминантна сопственост на државата основани од Владата на Република Македонија.

**Член 8**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **"Безбедност"** е преземање на технички и други видови безбедносни мерки при производство, пренос и дистрибуција на енергија поради заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и природата и заштита на растенијата;
2. **"Енергетски сектор"** е сектор во економијата кој ги вклучува енергетските дејности утврдени со овој закон;
3. **"Енергија"** е секоја форма на произведена или добиена енергија наменета за испорака или продажба;
4. **"Енергетски систем"** се енергетски објекти, уреди и постројки меѓусебно поврзани така што да претставуваат единствен техничко технолошки систем;
5. **"Приклучок на преносен или дистрибутивен систем на електрична енергија"** претставува функционална врска на трансформаторски станици, водови опрема и уреди за пренос и дистрибуција на електрична енергија со кои електроенергетските објекти и инсталациите на корисникот се поврзува на преносниот или дистрибутивниот систем каде е технички можно да се изврши приклучувањето;
6. **"Интерконекција"** е преносен вод кој го поврзува енергетскиот систем на Република Македонија со енергетските системи на соседните држави;
7. **"Корисник на системот"** е секое лице кое го користи преносниот систем или дистрибутивниот систем за преземање и предавање на енергија;
8. **"Овластување за изградба на нов објект"** е документ кој го издава Владата на Република Македонија, општината, односно градот Скопје за изградба на нови или проширување на постојните објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, производство на топлинска енергија и пренос и транзит на сурова нафта и нафтени деривати;
9. **"Право на изградба на нови објекти за дистрибуција на енергија"** е документ кој го издава општината, односно градот Скопје за изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска и дистрибуција на геотермална енергија;
10. **"Лице"** е кое било правно или физичко лице регистрирано во соодветен регистар во Република Македонија кое врши енергетска дејност, освен ако не е изрично наведено дека е правно или дека е физичко лице;
11. **"Лиценца"** е документ издаден од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон со кој на одредено лице му се дава право да врши енергетска дејност и му се определуваат правата и обврските во вршењето на енергетската дејност;
12. **"Министерство"** е министерство надлежно за работите од областа на енергетиката;
13. **"Мрежни правила"** се технички правила и услови за планирање, оперативно водење, пристап и приклучување на корисниците на преносната или дистрибутивната мрежа;

**14. "Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија"** е независно регулаторно тело формирано да го регулира енергетскиот сектор;
**15. "Снабдување со енергија"** е набавка и продажба, вклучително и препродажба на енергија на потрошувачите;
**16. "Тарифа"** е цена на енергија формирана според прописите за формирање на цени и тарифниот систем;
**17. "Тарифен систем за продажба на енергија"** е акт кој ги одредува елементите за формирање на тарифите;
**18. "Трговија со енергија"** е организирана трговија на сите видови на енергија на територијата на Република Македонија за кои е потребна лиценца согласно со овој закон;
**19. "Носител на лиценца"** е лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
**20. "Производител на електрична енергија"** е носител на лиценца кој врши дејност производство на електрична енергија;
**21. "Регулиран производител на електрична енергија"** е производител на електрична енергија кој има обврска да обезбеди потребни количини на моќност и електрична енергија за целокупните потреби на моќност и електрична енергија на тарифните потрошувачи;
**22. "Дистрибуиран производител на електрична енергија"** е производител на електрична енергија од производствен објект кој не е поврзан со преносната мрежа и не е централно диспечиран;
**23. "Вршител на дејност пренос на електрична енергија"** - оператор на преносната мрежа е носител на лиценца кој врши дејност пренос на електрична енергија и стопанисува со преносната мрежа на територијата на Република Македонија;
**24. "Оператор на електроенергетскиот систем"** е носител на лиценца кој врши дејност управување со електроенергетскиот систем на територијата на Република Македонија;
**25. "Пренос на електрична енергија"** е пренос на електрична енергија со висок напон и високонапонски далноводи сопственост на вршителот на дејност пренос на електрична енергија, од точката на прием на производителите на електрична енергија или интерконектираните преносни системи на соседните држави, до точката на прием на вршителот на дејност дистрибуција на електрична енергија, директните потрошувачи или интерконектираните преносни системи на соседните држави;
**26. "Оператор на пазарот на електрична енергија"** е носител на лиценца кој врши дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на територијата на Република Македонија;
**27. "Оператор на дистрибутивниот систем"** е носител на лиценца кој врши дејност управување со дистрибутивниот систем и дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Македонија;
**28. "Дистрибуција на електрична енергија"** е пренесување на електрична енергија на високо, средно и ниско напонски мрежи сопственост на оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија за испорака на електрична енергија до потрошувачите поврзани на дистрибутивната мрежа;
**29. "Трговец со електрична енергија"** е носител на лиценца кој врши дејност трговија со електрична енергија и снабдување со електрична енергија на квалификувани потрошувачи;

30. **"Потрошувач на електрична енергија"** е правно или физичко лице кое купува електрична енергија за сопствени потреби;
31. **"Директен потрошувач на електрична енергија"** е потрошувач кој прима електрична енергија во точката на испорака директно од преносната мрежа;
32. **"Квалификуван потрошувач на електрична енергија"** е потрошувач кој слободно купува електрична енергија од трговец, независен производител на електрична енергија и од увоз по сопствен избор;
33. **"Тарифен потрошувач на електрична енергија"** е потрошувач кој купува електрична енергија по пропишани тарифни ставови за сопствена потрошувачка;
34. **"Снабдувач на тарифни потрошувачи со електрична енергија на мало"** е носител на лиценца кој ги снабдува потребите од електрична енергија на тарифните потрошувачи поврзани на дистрибутивната мрежа;
35. **"Пазарни правила за електрична енергија"** се комерцијални правила и прописи за организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
36. **"Агенција за порамнување"** е правно лице кое врши порамнување на финансиските обврски на учесниците на пазарот на електрична енергија;
37. **"Точка на прием"** е физичка точка во која електричната енергија се внесува во преносната мрежа, вклучувајќи ја и интерконекцијата со соседните електроенергетски системи;
38. **"Точка на испорака"** е физичка точка во која електричната енергија се испорачува од преносната мрежа, вклучувајќи ја и интерконекцијата со соседните електроенергетски системи;
49. **"Регулиран договор"** е договор кој е предмет на одобрување од страна на Регулаторната комисија;
40. **"Регулирана услуга на пазар на електрична енергија"** е услуга која ја дава вршителот на дејност пренос на електрична енергија, операторот на електроенергетскиот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на системот за дистрибуција на електрична енергија и снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало;
41. **"Директен вод за снабдување со електрична енергија"** е електричен вод кој поврзува изолиран производствен капацитет и изолиран потрошувач, или електричен вод кој поврзува производствен капацитет со преносна или дистрибутивна мрежа за сопствени потреби или електричен вод кој поврзува потрошувач или група на потрошувачи со преносна или дистрибутивна мрежа за сопствени потреби;
42. **"Системски услуги"** се услуги неопходни за обезбедување на сигурно и доверливо работење на електроенергетската мрежа дефинирани во мрежните правила за пренос;
43. **"Пренос на природен гас"** е транспорт на природниот гас низ високопритисен гасовод од влезот во Република Македонија или од интерконекција со транзитен високопритисен гасовод на територијата на Република Македонија, преку главните примопредавателни станици до мерно регулационите станици на директните потрошувачи и до мерно регулационите станици на системите за дистрибуција, вклучувајќи ги и мерно регулационите станици;
44. **"Вршител на дејност пренос на природен гас"** е носител на лиценца кој врши дејност пренос или транзит на природен гас низ системот за пренос на природен гас на територијата на Република Македонија;

**45. "Оператор на системот за пренос на природен гас"** е носител на лиценца кој врши дејност управување со системот за пренос на природен гас на територијата на Република Македонија;
**46. "Дистрибуција на природен гас"** е транспорт на природен гас низ нископритисни регионални и локални гасоводни мрежи, од местото на приклучок на преносен систем до потрошувачите на природен гас приклучени на дистрибутивната гасоводна мрежа на определено подрачје;
**47. "Вршител на дејноста дистрибуција на природен гас"** е носител на лиценци за вршење на дејност дистрибуција на природен гас, кој може да ги врши и дејностите управување со системот за дистрибуција и снабдување со природен гас на потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа на определено подрачје на територијата на Република Македонија;
**48. "Регулирана услуга на пазар на природен гас"** е услуга која ја дава вршителот на дејност пренос на природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас, вршителот на дејност дистрибуција на природен гас и вршител на дејност управување со дистрибуцијата на природен гас;
**49. "Корисник на гасоводниот систем"** е правно или физичко лице кое го снабдува системот со гас или се снабдува со гас од системот;
**50. "Потрошувач на природен гас"** е правно или физичко лице кое купува природен гас за сопствени потреби или за потребите на тарифните потрошувачи кои ги снабдува;
**51. "Директен потрошувач на природен гас"** е потрошувач кој се снабдува со природниот гас директно од преносниот гасоводен систем;
**52. "Тарифен потрошувач на природен гас"** е потрошувач кој купува природен гас по пропишани тарифни ставови;
**53. "Квалификуван потрошувач на природен гас"** е потрошувач кој слободно купува природен гас од трговец или од увоз по сопствен избор;
**54. "Трговец на природен гас"** е носител на лиценца кој врши дејност трговија со природен гас и снабдување со природен гас на квалификувани потрошувачи;
**55. "Гасовод"** е цевковод со придружни објекти за транспорт на природен гас;
**56. "Сурова нафта"** е смеса на природни јагленоводороди;
**57. "Нафтени деривати"** се производи добиени од сурова нафта, вклучително полупроизводите, класифицирани во следниве категории:
**- лесни дестилати или лесни нафтени деривати** (течни нафтени гасови ТНГ- бутан, пропан и смеса од бутан и пропан, сите видови моторни бензини и авиобензини,
**- средни дестилати или средни нафтени деривати** (сите видови дизел за автомобили, гасно масло или масло за греење ЕЛ и керозин),
**- тешки дестилати или тешки нафтени деривати** (сите видови мазут) и
- друго (битумен и нафтен кокс);
**58. "Течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт"** се нафтени деривати коишто се користат за транспорт;
**59. "Складирање на сурова нафта и нафтени деривати"** е складирање на нафта и нафтени деривати во посебни простории, резервоари за сопствени потреби, односно за потребите на преработка на нафта и производство на нафтени деривати, сопствена потрошувачка и трговија со сурова нафта и нафтени деривати;

60. **"Трговија со нафтени деривати на големо"** е купување на нафтени деривати заради продажба на трговците на мало, на индустриските и другите потрошувачи и/или на другите трговци на големо;
61. **"Трговија со нафтени деривати на мало"** е купување на нафтени деривати од трговците на големо заради натамошна продажба на крајните потрошувачи;
62. **"Транспорт на нафта и нафтени деривати"** е товарење, растоварување, скалирање на нафта и нафтени деривати и нивно пренесување со нафтоводи, продуктоводи и други облици на транспорт, како авто цистерни или железнички цистерни и други превозни средства;
63. **"Нафтовод"** е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на сурова нафта на определено подрачје во Република Македонија, освен цевководи и постројки кои се користат за транспорт на сурова нафта во рамките на трговското друштво за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
64. **"Продуктовод"** е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на нафтени деривати на определено подрачје во Република Македонија, освен цевководи и постројки кои се користат за транспорт на нафтени деривати во рамките на трговското друштво за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
65. **"Топлинската енергија"** е произведена енергија наменета за греење на простории и за технолошки потреби (пареа и вода);
66. **"Енергетски објект за производство на топлинска енергија"** е постројка за производство на топлинска енергија со вкупна инсталирана сила поголема од 1 MW;
67. **"Енергетски систем за дистрибуција на топлинска енергија"** е систем на постројки и инсталации за пренесување на топлинска енергија, од мерното место за продавање на топлинска енергија (дистрибутивна мрежа, пумпни и топлински станици и мерни уреди за мерење на топлинската енергија) до корисникот;
68. **"Систем за топлинска енергија"** е систем составен од постројки и уреди за производство и снабдување на топлинска енергија;
69. **"Регулирана услуга од пазар на топлинска, односно геотермална енергија"** е услуга која ја дава вршителот на дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија на тарифни потрошувачи и вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, од- носно геотермална енергија на тарифните потрошувачи;
70. **"Производител на топлинска, односно геотермална енергија"** е носител на лиценца кој врши дејност производство на топлинска, односно геотермална енергија;
71. **"Регулиран производител на топлинска, односно геотермална енергија"** е производител на топлинска, односно геотермална енергија кој има обврска да го продава своето целокупно производство на снабдувачот на топлинската, односно геотермална енергија според регулиран договор;
72. **"Вршител на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија"** е носител на лиценца кој врши дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија, дејност управување со системот за дистрибуција и дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија на потрошувачите на дистрибутивната мрежа на определено подрачје на територијата на Република Македонија;

**73. "Комбинирана постројка"** е постројка која едновремено произведува електрична и топлинска енергија;
**74. "Комбинирано производство"** е производството на електрична и топлинска енергија од комбинираната постројка;
**75. "Високоефикасно комбинирано производство"** е комбиниран производствен процес во кој потребното ниво на заштеда на енергија од одредена комбинирана постројка се пресметува во согласност со прописите за определување на ефикасност во комбинирани процеси;
**76. "Микро комбинирано производство"** е производство од комбинирана постројка со максимален капацитет до 50 кW;
**77. "Корисна топлина"** е топлина произведена во комбинирана постројка за задоволување на потребите од топлинска енергија или ладење кои не ги надминуваат потребите од топлинска енергија или ладење, на потрошувачите, а кои би можеле да бидат задоволени од страна на други производители на енергија под пазарни услови;
**78. "Котел за топла вода"** е постројка која користи течни или гасовити горива со номинална топлинска моќност меѓу 4 кW и 400 кW проектирани да ја пренесат топлинската енергија произведена со согорување на горивото кое го користат, на водата;
**79. "Енергетска ефикасност"** е секоја мерка со чија примена се постигнува намалување на потрошувачката на енергија, при што се задржува степенот на комфор во објектите за живеење и работење и намалување на енергетскиот интензитет за единица производ во индустријата при ист квалитет и квантитет на производство;
**80. "Енергетска карактеристика на градежен објект"** е индикатор кој покажува количество на енергија кој се користи за задоволување на различни енергетски потреби во градежните објекти, во зависност од нивната категорија;
**81. "Услуги за енергетска ефикасност"** се активности поврзани со прегледи, консултации, истражувања, проектирање, конструкција, инсталација, модернизација, одржување, управување и надгледување на машини, опрема и градежни објекти, кои водат до намалување на енергетската потрошувачка со задржување или зголемување на енергетскиот комфор;
**82. "Процена на енергетска ефикасност"** е анализа заснована на прифатени научни и експериментални методи за процена на степенот за ефикасно користење на енергија;
**83. "Сертификат за енергетска карактеристика на градежен објект"** е документ, кој ги содржи пропишаните енергетски карактеристики на градежниот објект;
**84. "Управување со енергетска ефикасност"** е институционализиран систем за следење и преземање на мерки за подобрување на енергетската ефикасност;
**85. "Гаранција за потекло"** е документ издаден од Агенцијата за енергетика на Република Македонија со кој се потврдува производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија;
**86. "Повластен производител на електрична енергија"** е оној производител кој произведува електрична енергија со висок степен на искористување на природното гориво или кој користи обновливи извори на енергија или отпад, на економски оправдан начин и во согласност со барањата за заштита на животната средина;

**87. "Обновливи извори на енергија"** се нефосилни извори на енергија (хидроенергија, ветер, соларна енергија, геотермална енергија, биомаса, земен гас и биогас);
**88. "Биогорива"** се течни или гасни горива за транспорт кои се добиени од биомаса;
**89. "Биомаса"** е биоразградувачкиот дел на продукти, отпад и остатоци од земјоделски (растителни и животински субстанции), шумски и други индустрии, како и биоразградувачкиот дел на индустриските и комуналните отпади и
**90. "Фосилни горива"** се јаглен, нафтени деривати и природен гас.

## II. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА

### Член 9

(1) Енергетската политика се остварува со:
- безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со електрична енергија, природен гас, топлинска енергија, геотермална енергија, нафта и нафтени деривати,
- создавање на транспарентни и стабилни услови за конкурентен и економски функционален енергетски сектор,
- унапредување на пазарната конкурентност при обезбедување на енергетски услуги, врз основа на принципите на недискриминација и транспарентност,
- ефикасно обезбедување на услуги за потрошувачите,
- унапредување на енергетската ефикасност и поттикнување на користење на обновливи извори на енергија,
- одржливиот развој на енергетските извори,
- заштита на животната средина од штетните влијанија при вршење на енергетските дејности и
- исполнување на обврските кои произлегуваат од ратификувани меѓународни документи.

(2) Енергетската политика се утврдува со Стратегија за развој на енергетиката и програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката. Агенцијата за енергетика на Република Македонија обезбедува поддршка на Владата на Република Македонија во спроведувањето на енергетската политика.

### Член 10

(1) Владата на Република Македонија по предлог на министерството, донесува Стратегија за развој на енергетиката.

(2) Со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија се утврдуваат:
- долгорочните цели за развој на одделни енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија,
- приоритети на развој,
- извори и начин за обезбедување на потребни количества енергија и енергенти,
- утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата,
- преобразба на енергетскиот сектор,

- поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија,
- поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност,
- исполнување на обврските од меѓународните повелби, спогодби, договори, конвенции и други документи кои ги ратификувала и кон кои пристапила Република Македонија,
- услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата и
- други елементи од значење за енергетскиот развој на Република Македонија.

(3) Стратегијата за развој на енергетиката се донесува за период од најмалку 20 години.

(4) Стратегијата за развој на енергетиката се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Средствата за изготвување на Стратегијата за развој на енергетиката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и други извори.

**Член 11**

(1) По предлог на министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката.

(2) Со Програмата од ставот 1 на овој член се утврдуваат: условите, начинот и динамиката на реализација на Стратегијата, изградбата на неопходни енергетски објекти, земајќи ги предвид прогнозираната потрошувачка на енергија и енергенти, енергетската ефикасност, можно користење на обновливи извори на енергија и ефикасна технологија за производство на енергија и енергенти, стимулирањето на инвестициите во енергетскиот сектор и други значајни елементи за реализација на оваа стратегија.

(3) Програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од пет години.

(4) Министерството изготвува извештај за реализација на Програмата од ставот 1 на овој член, за две години и најдоцна до 31 јули во тековната година, го доставува до Владата на Република Македонија и го објавува.

**Член 12**

(1) Податоци за изработка на Стратегијата од членот 10 на овој закон и за Програмата од членот 11 на овој закон, по барање на надлежното министерство, должни се да достават енергетските субјекти, министерствата надлежни за соодветна област, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката го пропишува начинот, формата и содржината на барањето за доставување податоци.

**Член 13**

(1) Советот на општината, односно советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот, а по претходно прибавено мислење од министерството донесува програма за развој на енергетиката на општината односно програма за развој на енергетиката на градот Скопје.

(2) Програмите од ставот 1 на овој член се донесуваат за период од пет години и треба да бидат во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија.
(3) Со програмите од ставот 1 на овој член особено се определува:
- начинот и условите за обезбедување на извршување на енергетските дејности од јавен интерес од локално значење,
- Потребата и изворите на средства за изградба на нови и реконструкција и унапредување на постојните објекти, постројки и инсталации за вршење на енергетските дејности од јавен интерес од локално значење,
- количините на природен гас и топлинска енергија потребни за задоволување на потребите на граѓаните и другите потрошувачи на подрачјето на општините и градот Скопје и
- мерките и активностите за зголемување на енергетската ефикасност и производство на енергија од обновливи извори.
(4) Програмите од ставот 1 на овој член се објавуваат во службено гласило на општината, односно градот Скопје.
(5) Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата од ставот 1 на овој член и извештај за остварување на планот за претходната година и ги доставува до советот на општината, односно Советот на градот Скопје за усвојување.
(6) Планот и извештајот од ставот 5 на овој член се доставува до Министерството.

**Член 14**

(1) Податоци за изработка на Програмата и планот за реализација на програмата од членот 13 на овој закон, по барање на општината, односно градот Скопје, должни се да достават енергетски субјекти на територијата, односно градот Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.
(2) Советот на општината, односно градот Скопје ги пропишува начинот, формата и содржината на барањето за доставување податоци во согласност со барањето пропишано од министерот надлежен за работите од областа на енергетиката од членот 12 на овој закон.

**Член 15**

(1) Заради сигурно, безбедно, непрекинато и квалитетно снабдување со природен гас и топлинска енергија на граѓаните и другите потрошувачи на своето подрачје, општините и градот Скопје се должни да обезбедат услови за извршување на следниве енергетски дејности од јавен интерес од локално значење:
- дистрибуција на природен гас,
- управување со системот за дистрибуција на природен гас,
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи,
- производство на топлинска енергија,
- дистрибуција на топлинска енергија ,
- дистрибуција на геотермална енергија,
- снабдување со топлинска енергија и
- снабдување со геотермална енергија.

**Член 16**

(1) Потребите од вкупните количества за енергија и од одделни видови енергија во Републиката, за определен временски период и можностите за нивно задоволување со производство и од увоз, се утврдуваат со енергетскиот биланс на Републиката.

(2) Годишниот енергетски биланс на Републиката за наредната година го изготвува Министерството, а го донесува Владата на Република Македонија до крајот на тековната година, по претходно мислење од Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Производителите, снабдувачите, корисниците на енергија и други субјекти се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, до Министерството да достават потребни податоци за изготвување на енергетскиот биланс за наредната година.

(4) Министерот надлежен за работите од областа на енергетика ги пропишува начинот и содржината на барањето за доставување податоци.

(5) Министерството ја следи реализацијата на енергетскиот биланс и во случај на недостиг од енергија и предлага мерки на Владата на Република Македонија, со кои се обезбедува негова реализација (поефикасно користење на расположливата енергија, дополнителен увоз, поинтензивно користење на расположливите производствени капацитети и слично).

(6) За следењето на реализација на енергетските биланси, енергетските субјекти, по потреба, доставуваат податоци до Министерството.

**Член 17**

(1) Со посебен акт кој го донесува Владата на Република Македонија на предлог на Министерството се уредуваат критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, како и начинот на снабдување со одделни видови на енергија во овие услови, правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности согласно со Законот за управување со кризи.

(2) Мерките преземени за заштита на енергетските пазари и енергетските системи на Република Македонија во случај на криза, треба да бидат привремени и да предизвикаат најмало можно нарушување на работењето на пазарите на енергија во Република Македонија и во регионот и не треба да бидат поголеми од неопходните за отстранување на настанатите проблеми.

## III. РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 18**

(1) Работите кои се однесуваат на регулирањето на одделни прашања во вршењето на енергетските дејности определени со овој закон ги врши Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

(2) Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика има својство на правно лице.

**Член 19**

Регулаторната комисија за енергетика ги има следниве надлежности:

- го следи функционирањето на пазарот на енергија и предлага мерки за унапредување со цел да обезбеди недискриминација, ефективна конкуренција и ефикасно функционирање на пазарот,
- ги следи механизмите кои се применуваат за справување со загушувањето на капацитетите на електроенергетскиот систем и системот на природен гас во Република Македонија,
- се грижи за унапредување на заштитата на правата на корисниците на енергија,
- донесува прописи за формирање на цени на одделни видови на енергија и услуги во врска со вршењето на регулираните енергетски дејности,
- донесува пропис за начинот на формирање на цената на мешавините на течните горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогоривата;
- пропишува тарифни системи за одделни видови енергија,
- донесува одлуки за цени на одделни видови енергија, во согласност со прописите за формирање на цени на одделни видови на енергија и услуги во врска со вршењето на регулираните енергетски дејности,
- издава, менува, одзема и го следи извршувањето на лиценците за вршење одделни дејности од областа на енергетиката,
- учествува во разрешување или разрешува спорови кои настанале меѓу учесниците на пазарот на енергија, вклучително и преку граничните спорови,
- соработува со надлежните државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва вршители на енергетски дејности, корисниците на енергија и други организации и институции,
- доставува предлог до надлежните органи за преземање на мерки во согласност со нивната надлежност и во постапка пропишана со закон кон субјектите кои дејноста ја вршат спротивно на овој закон,
- покренува иницијативи и предлага донесување на нови и изменување на постојните закони од областа на енергетиката и други прописи,
- учествува во соодветни регионални и меѓународни организации и соработува со други регулаторни тела со цел да придонесе кон развојот на регионалните пазари на енергија,
- донесува статут, деловник и други интерни акти за својата работа и
- врши други работи во согласност со овој и друг закон.

**Член 20**

(1) Регулаторната комисија за енергетика со прописот за формирање на цени на одделни видови на енергија и регулирани услуги, го уредува начинот на формирањето, одобрувањето и контролата на цените за производство на енергија за тарифни потрошувачи, услугата на снабдување на тарифни потрошувачи со енергија, како и цените за регулирани услуги за пренос и дистрибуција на енергија во областа на:

- електрична енергија,
- природен гас,
- нафтени деривати и
- топлинска и геотермална енергија.

(2) Правните и физички лица се должни да се придржуваат на цените одобрени од Регулаторната комисија за енергетика согласно со одлуката од членот 22 став 2 на овој закон.
(3) Со прописот за формирање на цени на одделни видови на енергија и регулирани услуги, треба да се земат предвид:
- урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите,
- заштитата на потрошувачите од монополски цени,
- креирањето на мерки за поттикнување на ефикасно работење на регулираните вршители на енергетски дејности,
- креирањето на мерки за поттикнување на развој на конкурентен пазар за оние енергетски дејности кои можат да бидат пазарни во енергетскиот сектор,
- отстранување на вкрстени субвенции меѓу одделни групи на потрошувачи и меѓу одделни вршители на лиценцирани и нелиценцирани енергетски дејности,
- обезбедување на недискриминаторен однос и
- применување на објективни критериуми и транспарентни методи.
(4) Регулаторната комисија за енергетика со прописот за формирање на цени на одделни видови на енергија и регулирани услуги треба да им овозможи на носителите на лиценци покривање на трошоците за вршење на енергетската дејност и соодветен повраток на капиталот.

**Член 21**

(1) Со тарифните системи за одделни видови енергија се утврдуваат:
- критериумите и мерилата за определување на категории на потрошувачка и категории, групи и подгрупи на потрошувачи,
- пресметковни елементи за утврдување на надоместок за испорачаната енергија и моќност и
- основи и начин на формирање на тарифни ставови и нивна примена врз пресметковните елементи.
(2) Тарифите за пренос и дистрибуција или соодветните методологии треба да овозможат неопходните инвестиции во мрежата да се реализираат на начин со кој ќе се обезбеди овие инвестиции да овозможат оспособување, одржливост и достапност на мрежите.
(3) Тарифните системи за одделни видови енергија ги пропишува Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 22**

(1) Со одлуката за цени на одделни видови на енергија и цени на одделни услуги во врска со вршење на регулирани енергетски дејности се определуваат цените на одделен вид на енергија и/или услуга, во согласност со соодветниот пропис за формирање на цени.
(2) Одлуката со која се утврдуваат цените од ставот 1 на овој член ја донесува Регулаторната комисија за енергетика, на начин и постапка утврдени со прописите за формирање на цени на одделни видови енергија и регулирани услуги во врска со вршењето на одделни енергетски дејности.

**Член 23**

(1) Со условите за снабдување на одделните видови на енергија од енергетските системи поблиску се определуваат условите и начинот на снабдување и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот и корисникот на соодветен вид енергија, а особено:

- условите, начинот и рокот на склучување на договорот за испорака на соодветниот вид енергија,
- начинот на пресметување и наплатување на испорачаната енергија,
- условите и начинот на обесштетување на корисникот на енергија во случај на намалена испорака или прекин и
- корисниците на кои не може да им се прекине испораката на енергија и начинот на обезбедување на гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија од страна на овие корисници.

(2) Условите за снабдување со одделните видови на енергија од енергетските системи, во соработка со трговските друштва вршители на одделни енергетски дејности, ги пропишува и донесува Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 24**

(1) За извршувањето на работите во надлежност на Регулаторната комисија за енергетика, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и јавните претпријатија и трговските друштва кои ги вршат дејностите од областа на енергетиката се должни да и ги дадат потребните документи, податоци и информации на нејзино барање.

(2) Документите, податоците и информациите кои имаат доверлив карактер, Регулаторната комисија за енергетика ги користи и чува на начин утврден со акт согласно со прописите за заштита на податоците.

(3) Носителите на лиценци за вршење на одделни енергетски дејности се должни да доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика месечни, квартални, годишни и други извештаи во врска со вршењето на дејноста, на начин и услови и со содржини определени со соодветни лиценци.

(4) Извештаите од ставот 4 на овој член се доставуваат во рок од пет работни дена по истекот на периодот за кој се однесува извештајот, а годишните извештаи се доставуваат во рок определен со лиценцата.

**Член 25**

(1) Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена, од кои еден е претседател на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Членовите и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) Членовите на Регулаторната комисија за енергетика, на начин и постапка утврдени со Статутот на Регулаторната комисија за енергетика, определуваат еден член за заменик на претседателот.

(4) Функцијата член на Регулаторната комисија за енергетика се врши професионално.

**Член 26**

(1) За член на Регулаторната комисија за енергетика може да биде именувано лице, државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува следниве услови:
- да има завршено најмалку високо образование,
- да биде лице со искуство во енергетскиот сектор што се потврдува со најмалку десет години работно искуство во последните 15 години, од кои последните пет години во технички, правни, финансиски, советодавни, економски или академски институции од енергетскиот сектор, и
- да има препорака од три лица, од кои најмалку двајца мора да бидат доктори на науки со најмалку петгодишно искуство во областа која членот на Регулаторната комисија за енергетика ја покрива во своето работење.

(2) Еден член на Регулаторната комисија за енергетика треба да биде експерт за правни прашања и еден член експерт за економски прашања од областа на енергетиката.

(3) Членството во Регулаторната комисија за енергетика е неспојливо со извршување на секаква друга јавна функција, работно место или функција во политичка партија. Секаков вид на функција, работно место или именување, престанува по сила на закон на денот на именувањето за член на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 27**

(1) Мандатот на секој член на Регулаторната комисија за енергетика изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два мандата.

(2) Мандатите на петте члена ќе бидат утврдени така што мандатот на еден член нема да заврши во иста година со мандатот на друг член, освен во случај на престанок на вршење на функцијата согласно со членот 28 од овој закон.

(3) Ако член во Регулаторната комисија за енергетика престане да ја врши функцијата пред истекот на неговиот мандат во согласност со членот 28 од овој закон, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Републиката именува нов член за остатокот на мандатот.

(4) Со денот на именувањето за член на Регулаторната комисија за енергетика, на именуваното лице му мирува работниот однос.

**Член 28**

(1) На членот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува вршењето на функцијата пред истекот на мандатот, ако:
- поднесе оставка до Собранието на Република Македонија,
- кај него настане трајна или привремена неспобност за непречено вршење на функцијата подолго од шест месеца непрекинато или смрт,
- е осуден за извршено кривично дело со правосилна судска пресуда со која е изречена казна затвор од најмалку шест месеца и
- се стекне со услови за остварување на право на пензија.

(2) Член на Регулаторната комисија за енергетика може да биде разрешен од вршењето на функцијата на којашто е именуван, доколку се утврди дека несовесно и нестручно ја врши функцијата, врши злоупотреба на службената положба или работи спротивно на закон и друг пропис.

(3) Регулаторната комисија за енергетика со заклучок за кој се изјасниле најмалку тројца од членовите на Регулаторната комисија за енергетика, утврдува дека се исполнети условите за престанување на функцијата пред истекот на мандатот или за разрешување од функцијата на член на Регулаторната комисија за енергетика, предвидени во ставовите 1 и 2 на овој член.
(4) Во согласност со заклучокот од ставот 2 на овој член Регулаторната комисија за енергетика е должна да побара Владата на Република Македонија, да достави предлог до Собранието на Република Македонија за донесување на одлуки за престанување на функција пред истекот на мандатот или за разрешување од функцијата на член на Регулаторната комисија за енергетика.
(5) Во рок од осум дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот 4 на овој член, Собранието на Република Македонија поднесува барање до Владата на Република Македонија, заради доставување на предлог за именување на нов член на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 29**

Членовите на Регулаторната комисија за енергетика и вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика се должни:
- да ја вршат својата работа непристрасно, професионално и без влијанија од вршителите на енергетските дејности и политичките партии,
- да не се раководат од лични финансиски интереси,
- да не ги злоупотребуваат овластувањата и статусот што го имаат како членови на Регулаторната комисија за енергетика и вработени во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика и
- да го штитат угледот на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 30**

(1) На членот на Регулаторната комисија за енергетика и на вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика, како и нивен брачен другар или лице во сродство во прва линија не е дозволено во друштвото имател или барател на лиценца:
- да бидат акционери, односно содружници и
- да бидат членови во органите на управување и раководење на друштвото.

(2) Субјектите од ставот 1 на овој член, во случаи спротивни на ставот 1 на овој член, се должни да ги прекинат своите интереси со имателите или барателите на лиценца, преку продажба на акциите и уделите, односно преку повлекување од функциите и вршењето на работите од ставот 1 на овој член.
(3) Во период од две години од денот на престанок на мандатот, на членот на Регулаторната комисија за енергетика не му е дозволено стекнување на акции или удели или вработување во друштво кое се стекнало со лиценца за време на неговиот мандат како член на Регулаторната комисија за енергетика.
(4) Во период од една година од денот на престанок на мандатот, на членот на Регулаторната комисија за енергетика на кој му престанал мандатот има право да остварува надоместок согласно со закон.

**Член 31**

(1) Седниците на Регулаторната комисија за енергетика се јавни, освен во случаите кога се изнесуваат доверливи информации и деловни тајни.
(2) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлуки со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.
(3) Одлуките на Регулаторната комисија за енергетика се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".
(4) Регулаторната комисија за енергетика ги пропишува начинот и постапката за запознавање на јавноста со својата работа.

**Член 32**

(1) Учеството на заинтересираните субјекти и јавноста во постапката за донесување на одлука, се остварува преку покана за нивно присуство на подготвителни седници, а особено во случаите кога Регулаторната комисија за енергетика треба да донесе одлука за:
- прописи за формирање на цени на одделни видови енергија енергенти и услуги во врска со вршењето на одделни енергетски дејности,
- тарифни системи за одделни видови енергија,
- одлуки за цени на одделни видови енергија, во согласност со прописите за формирање на цени и тарифните системи на одделни видови енергија, услуги во врска со вршењето на одделни енергетски дејности и
- издавање, менување и одземање на лиценци за вршење енергетска дејност.

(2) Постапката и начинот на одржување на подготвителна седница од ставот 1 на овој член, како и други начини за учество на јавноста во постапката за одлучување го уредува Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 33**

(1) Против поединечните акти на Регулаторната комисија за енергетика може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката (во натамошниот текст: Комисијата за жалби), најдоцна 15 дена по објавувањето на актот на Регулаторната комисија за енергетика. Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката на Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Комисијата за жалби е составена од три члена и нивни заменици. Членовите и претседателот, кој е еден од членовите, и нивните заменици, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија.
(3) За член на Комисијата за жалби и негов заменик, може да биде именувано лице со најмалку завршено високо образование и со искуство од најмалку десет години во областа на енергетиката.
(4) Мандатот на секој член на Комисијата за жалби и на нивните заменици, изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два мандата.
(5) Ако на член на Комисијата за жалби, односно негов заменик, му престане членството пред истекот на неговиот мандат, на предлог на надлежното тело на Собранието, Собранието на Република Македонија именува нов член, односно заменик за остатокот на мандатот.

(6) Престанок на функцијата член на Комисијата за жалби, односно на негов заменик, пред истекот на неговиот мандат од ставот 5 на овој член, настанува под исти услови и на ист начин, како и на член на Регулаторната комисија за енергетика утврдено во членот 28 од овој закон.
(7) Комисијата за жалби одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. При донесувањето на одлуките од Комисијата за жалби се иззема членот кој има личен интерес во врска со одлуката по жалбата и се заменува со еден од замениците. Се смета дека членот, односно неговиот заменик, има личен интерес ако тој, неговиот брачен другар или лице во сродство од права линија се акционери, односно содружници или вработени во друштвата, инволвирани во предметот по кој се води жалбената постапка.
(8) Комисијата за жалби одлуките ги донесува во рок од најмногу 60 дена од денот на поднесувањето на жалбата.
(9) На членовите на Комисијата за жалби им следува месечен надомест за извршената работа кој го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, а се исплаќа од вкупниот приход на Регулаторната комисија за енергетика.
(10) Административните работи на Комисијата за жалби ги врши Министерството.

**Член 34**

(1) Работењето на Регулаторната комисија за енергетика се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата за издадени лиценци и преку наплата на надомест од вкупниот приход на друштвата коишто вршат енергетски дејности од членот 3 на овој закон остварен на домашен пазар.
(2) Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 1 октомври од тековната година, до Собранието на Република Македонија поднесува предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за наредната година за усвојување, во кој се содржани сите планирани приходи и трошоци на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите на Регулаторната комисија за енергетика и на вработените, како и надоместокот за членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици.
(3) Во рамките на предлогот на финансискиот план од ставот 2 на овој член, а врз основа на планираните приходи за тековната година на друштвата кои вршат енергетска дејност, Регулаторната комисија за енергетика го утврдува надоместот од ставот 1 на овој член за наредната година преку определување на ист процент на зафаќање од остварениот вкупен приход на друштвата, на кој дава согласност Собранието на Република Македонија и кој не може да изнесува повеќе од 0,1% од вкупниот приход на друштвата.
(4) Надоместокот согласно со утврдениот процент од ставот 3 на овој член, друштвото кое врши енергетска дејност го уплатува на сметка на Регулаторната комисија за енергетика во два подеднакви дела и тоа првиот дел најдоцна до 30 април, а вториот дел најдоцна до 30 септември во тековната година.

(5) Неискористените средства на Регулаторната комисија за енергетика од претходната година се пренесуваат за користење во наредната година и соодветно на тоа се намалува надоместот од ставот 1 на овој член.

**Член 35**

(1) Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Македонија доставува Годишен извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика во претходната година за усвојување, во кој се содржани детални информации за извршување на надлежностите од членот 19 на овој закон, како и детални информации за материјално - финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Годишниот извештај од ставот 1 на овој член за работа на Регулаторната комисија за енергетика се објавува во едно од јавните гласила и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.
(3) Годишниот извештај од ставот 1 на овој член за работа на Регулаторната комисија за енергетика, се доставува до Владата на Република Македонија и до Министерството.
(4) По барање на Владата на Република Македонија и министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, Регулаторната комисија за енергетика доставува и други потребни извештаи и информации од областа на своето работење.

**Член 36**

(1) Регулаторната комисија за енергетика ги разрешува споровите коишто настанале меѓу вршителите на енергетските дејности и корисници на енергетски дејности, кога за тоа е овластена со овој закон или кога страните во спорот спогодбено ќе одлучат спорот да биде разрешуван во рамките на Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе посебен акт за начинот, условите и постапката за разрешување на споровите од ставот 1 на овој член и висината на надоместокот на трошоците за разрешување на спорот.

## IV. ЛИЦЕНЦИ

**Член 37**

(1) Вршителите на дејностите од членот 3 на овој закон не можат да отпочнат со вршењето на дејноста без да обезбедат лиценца за вршење на енергетска дејност (во натамошниот текст: лиценца) од Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Лиценца не е потребна за вршење на следниве дејности:
- производство на електрична енергија исклучиво за сопствени потреби, при што не се користи преносниот или дистрибутивниот систем за електрична енергија,
- пренос и дистрибуција на електрична енергија преку директни водови,
- складирање на нафта и нафтени деривати за сопствени потреби,
- трговија на мало со нафта и нафтени деривати,
- трговија на мало со течен нафтен гас во садови под притисок,
- производство на топлинска енергија или геотермална енергија за сопствени потреби и

- транспорт на нафта и нафтени деривати со авто или железнички цистерни и други превозни средства како и нивно складирање.
(3) Лиценцата се издава за период од три до 35 години во зависност од видот на енергетската дејност, обемот на средствата потребни за извршување на енергетската дејност, времетраењето на правото за користење на соодветниот енергетски ресурс, како и барањето на вршителот на енергетската дејност.
(4) На исто лице може да му се издадат лиценци за вршење на повеќе дејности од членот 3 на овој закон само под услови определени со овој закон.
(5) Органите на државната управа кои во рамките на своите надлежности утврдени со закон вршат инспекциски надзор над работењето на носителот на лиценцата се должни на барање од Регулаторната комисија за енергетика да достават информации кои се од значење за издавање или одземање на лиценцата.

**Член 38**

(1) Лиценцата престанува со истекот на периодот за кој е издадена, со одземање или по барање на носителот на лиценцата.
(2) Лиценцата не може да се пренесе на друго правно или физичко лице.

**Член 39**

(1) На правното лице на кое му е издадена одлука за овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија, за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, производство на топлинска и за пренос и транзит на сурова нафта и нафтени деривати, за пренос на природен гас и/или одлука за право на изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, за дистрибуција на топлинска енергија и за дистрибуција на геотермална енергија на определено подрачје, Регулаторната комисија за енергетика ќе му издаде лиценца во согласност со овој закон.
(2)Инвеститорот ќе ја отпочне постапката за добивање на лиценца веднаш по добивањето на овластувањето за изградба на новиот енергетски објект.

**Член 39-а**

(1) По барање на инвеститор на кој му е издадена лиценца согласно со членот 39 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, на инвеститорот му издава времена лиценца за вршење на енергетска дејност. Кон барањето за времена лиценца, инвеститорот ја доставува следнава документација:

1. Изјава од производителите на главната опрема за вршење на соодветната енергетска дејност заверена од нотар со која се потврдува дека главната опрема е монтирана во согласност со упатствата на производителите и соодветните технички прописи и стандарди за таков вид на опрема;
2. Изјава од инвеститорот заверена од нотар со окја се потврдува дека за опремата инсталирана во енергетскиот објект може да почне испитување;
3. Изјава од инвеститорот заверена на нотар со која се потврдува дека за време на важноста на времената лиценца инвеститорот е целосно

одговорен за сите евентуални проблеми кои можат да настанат кон операторот на соодветниот енергетски систем и/или кон трети лица приклучени кон истиот енергетски систем за време на испитувањето на енергетскиот објект за кој се издава времена лиценца; и

4. Договор со операторот на соодветниот енергетски систем за времено приклучување на енергетскиот објект, како и за начинот на приклучок и работа за времетраење на времената лиценца.

(2) Времената лиценца од ставот 1 на овој член се издава само еднаш со важност од најмалку девет месеци и со можност за нејзино продолжување од најмногу шест месеци.

Носителот на времената лиценца за времетраењето на времената лиценца ги има сите права и обврски како да е носител на лиценца.

**Член 40**

(1) Регулаторната комисија за енергетика е должна да ја издаде лиценцата, доколку се исполнети условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за влегување во сила на лиценцата издадена во согласност со членот 39 на овој закон откако инвеститорот ќе достави одобрение за употреба на енергетскиот објект, односно решение за ставање во употреба на опремата којашто е вградена во постоечки градежен објект изграден во согласност со закон.

**Член 41**

(1) Регулаторната комисија за енергетика ги пропишува поблиските услови, начин и постапка за:

- издавање, менување, продолжување, суспендирање и одземање на лиценцата,
- формата и содржината на лиценцата и обрасците што се употребуваат во постапката за издавање, менување, продолжување, суспендирање и одземање на лиценцата,
- контролата на начинот на исполнување на обврските содржани во лиценцата и
- износот на трошоците за постапката на издавање, менување, продолжување и одземање на лиценцата.

**Член 42**
**(се брише со Службен весник бр.106/08)**

**Член 43**

Само на еден вршител на енергетска дејност може да му се издаде лиценца која ќе важи за определено подрачје на територијата на Република Македонија, на подрачје или на дел од подрачје на одделна општина или градот Скопје, за:

- дистрибуција на природен гас,
- управување со системот за дистрибуција на природен гас,
- снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа,
- дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија и

- снабдување со топлинска, односно геотермална енергија.

**Член 44**

Лиценцата, во зависност од видот на енергетската дејност, особено содржи:
- податоци за субјектот на кој му се издава лиценца,
- видот на енергетската дејност којашто ќе се врши, подрачјето на кое ќе се врши дејноста, како и објектот и/или објектите каде што ќе се врши дејноста со технички карактеристики на објектите, постојките и уредите,
- почетокот на вршење на енергетската дејност и рокот на важење на лиценцата,
- услови и начин за обезбедување на сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергија и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга,
- услови, начин и постапка за доставување на извештаи и други податоци за финансиското и деловното работење, статусните промени, како и за начинот на извршување на дејноста и
- услови, начин и постапка за менување, продолжување, суспендирање и одземање на лиценцата.

**Член 45**

(1) Лиценцата може да се менува по барање на носителот на лиценцата, ако таквата промена не е во спротивност со закон и друг пропис.
(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе поведе постапка за менување на лиценцата по службена должност ако настане промена на законите и другите прописи со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

**Член 46**

(1) Лиценцата може да се продолжи по писмено барање на носителот на лиценцата коешто се доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна 60 дена пред истекот на рокот на важење на лиценцата чиешто продолжување се бара.
(2) Носителот на лиценцата за вршење на дејност од членот 6 на овој закон е должен, една година пред истекот на рокот на важење на лиценцата, да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за тоа дали ќе бара продолжување на лиценцата.

**Член 47**

(1) Носителот на лиценца не може да престане со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата за периодот на важењето на лиценцата.
(2) По исклучок од ставот 1 на овој член носителот на лиценцата може привремено да престане да ја врши дејноста за која е издадена лиценцата врз основа на дозвола од Регулаторната комисија за енергетика издадена во писмена форма, ако корисникот на енергетската услуга или енергијата којашто му ја обезбедува или испорачува носителот на лиценцата:
- не ги исполнува своите обврски од договорот со носителот на лиценцата и
- со начинот на користење на енергетската услуга или енергијата може да предизвика загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната

средина и природата и имотот или ја попречува испораката на енергијата или користењето на енергетските услуги на други корисници.

**Член 48**

(1) Носителот на лиценца може без претходна дозвола од Регулаторната комисија за енергетика привремено да прекине со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, ако:

- со вршењето на енергетската дејност настанала опасност по животот и здравјето на луѓето, животната средина и природата и имотот или
- енергетската дејност не може да се извршува поради виша сила.

(2) Носителот на лиценцата е должен најдоцна во рок од осум часа по престанувањето на вршењето на дејноста, да побара од Регулаторната комисија за енергетика одобрување за привременото прекинување на вршењето на дејноста.

**Член 49**

(1) Лиценцата може да се суспендира ако со решение од надлежен инспекциски или друг државен орган на носителот на лиценцата му е изречена мерка забрана за вршење на енергетска дејност за определен период.

(2) Суспендирањето на лиценцата е за период за кој е изречена мерка забрана за вршење на енергетска дејност.

**Член 50**

Лиценцата може да се одземе ако носителот на лиценцата:

- не започне со вршење на дејноста од членот 6 на овој закон, за која е издадена лиценцата, во рок определен со лиценцата,
- не ја врши дејноста за која е издадена лиценцата на начин и под услови пропишани со овој закон и други прописи и на начин и под услови определени со лиценцата,
- престанал да ги исполнува условите за вршење на дејноста од членот 3 на овој закон, за која е издадена лиценцата и
- во определен рок не постапи по барањето на надлежните органи за отстранување на недостатоците во работењето.

**Член 51**

(1)Доколку лиценцата е одземена, Регулаторната комисија за енергетика ќе објави јавен повик за избор на нов носител на лиценца. Се додека не се избере нов носител на лиценца, претходниот носител на лиценца е должен да продолжи со извршувањето на дејноста под надзор на надлежниот инспекторат.

(2) Во случај на одземање на лиценца за вршење на дејноста пренос на електрична енергија и пренос на природен гас, а со цел да не дојде до нарушување на јавниот интерес во вршење на овие енергетски дејности, нив привремено ќе ги врши операторот на електроенергетскиот систем, односно операторот на системот за пренос на природен гас, под надзор на надлежниот инспекторат.

(3) Во случите кога операторот од ставот (2) на овој член привремено врши дејност пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас поради одземање на лиценца на вршителот на пренос на електрична

енергија, односно пренос на природен гас, операторот дејноста ја врши врз основа на привремена лиценца која Регулаторната комисија за енергетика му ја издава по службена должност без одлагање, а ги има сите права и обврски на вршител на дејност пренос на електрична енергија, односно природен гас.

(4) Надлежниот инспекторат со решение времено ќе го одземе владението и користењето на системот за пренос на електрична енергија, односно системот за пренос на природен гас од претходниот носител на лиценца, доколку истиот е сопственик на системот, односно од субјектот кој е сопственик на системот за пренос и ќе го предаде времено во владение и користење на операторот на електроенергетскиот систем односно системот за пренос на природен гас, до изборот на новиот носител на лиценца.

(5) Во случаите од ставот (2) на овој член, операторот на електроенергетскиот систем односно системот за пренос на природен гас има право на надоместок согласно со тарифата за пренос на електрична енергија, односно природен гас испорачан преку системот за пренос.

(6) По избор на носител на лиценца согласно со ставот (1) од овој член, новиот носител на лиценца за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас, поднесува барање до операторот на електроенергетскиот систем, односно системот за пренос на природен гас врз основа на кое операторот е должен веднаш да го предаде владението и користењето на системот за пренос на новиот носител на лиценца.

(7) Најдоцна во рок од шест месеца од добивањето на владението и користењето на системот за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас, новиот носител на лиценца за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас и сопственикот на системот за пренос може да склучат договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски за користење на системот или договор со кој новиот носител на лиценца за пренос ќе се стекне со сопственост на системот за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас.

(8) Доколку субјектите од претходниот став на овој член, во дадениот рок не ги уредат меѓусебните права и обврски, на предлог на новиот носител на лиценца за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас ќе се изврши експропријација на системот за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас согласно со Законот за експропријација.

(9) Поранешниот носител на лиценца кој е сопственикот на системот за пренос на електрична енергија, односно пренос на природен гас, односно субјектот кој е сопственик на системот за пренос има право на надоместок за користењето на соодветниот систем за пренос од операторот на системот за пренос на електрична енергија односно пренос на природен гас, односно носителот на лиценцата за пренос на електрична енергија односно пренос на природен гас за времетраењето на таквото користење.

(10) Носителот, на кој му е одземена лиценцата нема право да поднесе барање за добивање лиценца за вршење на дејноста која ја извршувал пред одземање на лиценцата во рок од три години од денот на одземањето на лиценцата.

## V. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

### 1. Изградба на нови производствени енергетски објекти

**Член 52**

(1) Изградбата на нови објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија и производство на топлинска енергија со моќност над 1 MW се врши од страна на домашни и странски лица врз основа на овластување.
(2) На предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, Владата на Република Македонија донесува одлука за овластување за изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.
(3) Овластувањето од ставот 2 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(4) На предлог на градоначалникот, советот на општината, односно Советот на градот Скопје, донесува одлука за овластување за изградба на нови објекти за производство на топлинска енергија.
(5) Овластувањето од ставот 4 на овој член се објавува во службеното гласило на општината, односно градот Скопје и во "Службен весник на Република Македонија".
(6) Овластувањето од ставот 1 на овој член се издава и кога се проширува капацитетот на енергетските објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија и производство на топлинска енергија за 1 MW или повеќе.
(7) Овластување за изградба на енергетски објекти од ставот 1 на овој член не е потребно ако вршењето на енергетската дејност производство на соодветниот вид енергија е условено со обезбедување на концесија за користење на природно добро. Условите за изградба на соодветниот капацитет се утврдуваат во концесискиот акт.
(8) Овластување за изградба на енергетски објекти од ставот 1 на овој член не е потребно ако изградбата на објектот е за сопствени потреби со моќност до 1 MW.

**Член 53**

(1) За издавање на овластување за изградба на објекти од членот 52 став 2 на овој закон заинтересираните домашни и странски лица поднесуваат барање за овластување до Владата на Република Македонија, а за изградба на објекти од членот 52 став 4 до општината, односно градот Скопје.
(2) Владата на Република Македонија го објавува во "Службен весник на Република Македонија" поднесеното барање за овластување за изградба на објекти од ставот 1 на овој член, во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето и истото го доставува до Министерството.
(3) Градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје го објавува во службено гласило на општината, односно градот Скопје барањето за овластување за изградба на нови објекти од ставот 1 на овој член, во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

**Член 54**

(1) Ако министерството, односно градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје утврди дека барањето за овластување не

е целосно ќе го задолжи подносителот во рок од осум дена да ја комплетира документацијата согласно со членот 58 на овој закон.
(2) Ако подносителот на барањето не ја комплетира документацијата во определениот рок Министерството, односно градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје ќе донесе заклучок за запирање на постапката.
(3) Против заклучокот од ставот 2 на овој член барателот може да поднесе жалба до второстепената комисија за решавање на управните работи од областа на енергетиката при Владата на Република Македонија, односно до министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.

**Член 55**

(1) Доколку врз основа на поднесената документација се утврди дека нема пречки за донесување на одлука за овластување, Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката во рок од 30 дена ќе донесе одлука за овластување за изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.
(2) Доколку врз основа на поднесената документација од надлежните органи се утврди дека нема пречки за донесување на одлука за овластување, советот на општината, односно Советот на градот Скопје ќе донесе одлука за овластување за изградба на нови објекти за производство на топлинска енергија.
(3) Против одлуките од ставовите 1 и 2 на овој член може да се поднесе тужба до надлежен суд.

**Член 56**

Со овластувањето за изградба на нови објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија и производство на топлинска енергија, чија форма и содржина поблиску ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, се утврдува:
- видот и локацијата на објектот утврден со урбанистички план на кој се однесува овластувањето,
- рокот на овластувањето за изградба на објектот,
- постапување со објектот по престанување на неговата работа,
- начин на употреба на јавната инфраструктура,
- услови кои треба да се исполнат за заштитата на животната средина во согласност со закон,
- услови во врска со ефикасноста на работењето на објектот,
- потребни финансиски средства за изградба на објектот и
- како и други услови во врска со изградбата на објектот.

**Член 57**

Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за овластување за изградба на објекти.

**Член 58**

Кон барањето за овластување подносителот е должен да ја достави следнава документација, и тоа:

1) идеен проект со економска анализа;

2) податоци за финансиската состојба на барателот и тоа:

- финансиски извештаи за последните три години изготвени согласно со меѓународните сметководствени стандарди, а за подносителите кои немаат три годишно работно искуство се задолжуваат по истекот на првата календарска година од моментот на издавњето на овластувањето од членот 56 од овој закон да достават финансиски извештај изготвен согласно со меѓународните сметководствени стандарди;
- предлог за финансиската структура на планираниот енергетски објект и
- изјава од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на лицето да му овозможи кредитна линија за реализација на проектот;

3) податоци за искуството и референците на барателот, и тоа:

- податоци за неговото самостојно или здружено учество во проекти од сличен карактер и
- податоци за практичното искуство на неговиот клучен персонал;

4) податоци за неговата управувачка структура и оперативните способности, и тоа:

- предложен тим кој ќе работи на проектот со податоци за стручноста и искуството на секој од учесниците во тимот,
- начинот на раководење со тимот и носителите на раководни функции во тимот и
- информација за опремата и/или градежна или друга техника кои ќе бидат применети во проектот;

5) документација и податоци, и тоа:

- заверен извод на документите од регистрацијата на барателот,
- документ од надлежен орган дека барателот не е во постапка за стечај и
- документ од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност и

6) изјава од одговорното лице за точноста на податоците.

**Член 59**

(1) Ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови објекти, а согласно со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, прогнозите за побарувачката на електрична енергија и можностите за обезбедување на овие потреби, се оцени дека е нарушена сигурноста на снабдување на подолг рок, Министерството ќе распише јавен повик за доставување на понуди за изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

(2) Ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови објекти, а согласно со програмата за развој на енергетиката на општината, односно на градот Скопје, прогнозите за побарувачката на топлинска енергија и можностите за обезбедување на овие потреби, се оцени дека не е обезбедена сигурноста за снабдување на подолг рок, општината, односно градот Скопје ќе распише јавен повик за доставување на понуди за изградба на нови капацитети за производство на топлинска енергија.

(3) Пред донесувањето на одлуката за започнување на постапката за јавниот повик од ставот 1 на овој член, Министерството е должно да утврди дали може сигурноста на снабдувањето со електрична енергија да се обезбеди со мерки за ефикасно користење на електричната енергија.
(4) Во постапката на јавниот повик треба да се разгледаат и понудите за испорака на енергија со гаранции за долгорочна испорака на енергија од постојни производни објекти.
(5) Јавниот повик од ставот 1 на овој член може да се објави и за определување на повластен производител на електрична енергија, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, поради потребата од намалување на негативни влијанија на животната средина и унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за воведување на нови технологии и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.
(6) Јавниот повик од ставот 1 на овој член кој се однесува на изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија кои ќе се приклучат на преносната мрежа го спроведува носителот на лиценца - оператор на електроенергетскиот систем.
(7) Јавниот повик од ставот 1 на овој член за изградба на објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија кои ќе се приклучат на дистрибутивната мрежа го спроведува Министерството.
(8) Јавниот повик од ставот 2 на овој член за изградба на објекти за производство на топлинска енергија го спроведува општината односно градот Скопје.
(9) На постапката за јавниот повик од овој член се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

**2. Изградба на нови преносни и дистрибутивни енергетски објекти**

**Член 60**

(1) Изградбата на нови објекти за пренос и дистрибуција на електрична енергија за извршување на обврската за обезбедување на јавната услуга ја врши оператор на дистрибутивниот систем и носителот на лиценца за дистрибуција на електрична енергија во согласност со овој закон, соодветните мрежни правила и со обврските утврдени во лиценците.
(2) Новите објекти за пренос и дистрибуција на електрична енергија од ставот (1) на овој член се во сопственост на носителот на лиценца за пренос на електрична енергија и операторот на дистрибутивниот систем.
(3) Изградбата на нови објекти за пренос на природен гас ја врши носителот на лиценца за пренос на природен гас во согласност со овој закон, соодветни мрежни правила и со обврските утврдени во лиценцата.
(4) Овластување за изградба на нови објекти и проширување на системот за пренос на природен гас издава Операторот на системот за пренос на природен гас, на начин и според услови превидени во мрежните правила за пренос на природен гас, на барање на заинтересирано домашно или странско лице.
(5) Операторот е должен најдоцна во рок од три месеца од поднесувањето на барањето да издаде овластување за изградба на нови објекти односно да го одбие барањето за издавање овластување за изградба.

(6) Против одлуката на операторот со која издава овластување, односно со која се одбива барањето за издавање овластување може да се поднесе тужба до надлежен суд.
(7) Со овластувањето за изградба на операторот се утврдува:
- видот и локацијата на објектот утврден со урбанистички план на кој се однесува овластувањето,
- рокот на овластувањето за изградба на објектот,
- постапување со објектот по престанување на неговата работа,
- начин на употреба на јавната инфраструктура,
- услови кои треба да се исполнат за заштита на животната средина во согласност со закон,
- услови во врска со ефикасноста на работењето на објектот,
- потребни финансиски средства за изградба на објектот и
- други услови во врска со изградба на објектот.

**Член 61**

(1) Изградбата на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска енергија и дистрибуција на геотермална енергија ја вршат лица кои се стекнале со право за изградба на овие објекти на определено подрачје во рамките на општината, односно градот Скопје.
(2) Советот на општината, односно Советот на градот Скопје по спроведен јавен повик, донесува одлука за давање на право на изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, за дистрибуција на топлинска енергија и за дистрибуција на геотермална енергија на определено подрачје.
(3) Против одлуката од ставот 2 на овој член може да се поднесе тужба до надлежен суд.
(4) Право на изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска енергија и дистрибуција на геотермална енергија на определено подрачје не може да се пренесе на друго лице без согласност на советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

**Член 62**

Изградбата на директните водови за снабдување со електрична енергија се уредува со соодветните мрежни правила.

**Член 63**

Јавниот повик од членот 61 на овој закон особено содржи:
- граници на подрачјето во рамките на општината, односно градот Скопје кој е предмет на повикот,
- рок за отпочнување на изградбата на соодветните објекти кој не може да биде подолг од две години,
- времетраење на правото за изградба,
- потребни финансиски средства за изградба на објектот,
- потребните економски, технички или оперативни способности и
- услови за заштита на животната средина во согласност со закон.

**Член 64**

(1) Одлуката за давање на право за изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска енергија и дистрибуција на геотермална енергија особено содржи:
- граници на подрачјето во рамките на кое ќе се реализира изградбата на објектот за дистрибуција,
- рок за отпочнување на градба и динамика на изградбата на објектот,
- потребни финансиски средства за изградба на објектот,
- потребните економски, технички или оперативни способности и
- како и други услови во врска со изградбата на објектот.

(2) Градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, поблиску ја пропишува формата и содржината на правото за изградба на нов објект за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска и дистрибуција на геотермална енергија.

**Член 65**

Одлуката за давање на право за изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска енергија и дистрибуција на геотермална енергија, престанува да важи, ако:
- имателот на правото во рок од две година од влегувањето во сила на одлуката за давање на право за изградба не ја отпочне изградбата на дистрибутивната мрежа,
- не ја врши изградбата на објектот согласно со динамиката утврдена со одлуката за давање на право за изградба,
- имателот ги загубил економските, техничките или оперативните способности и
- имателот на правото го пренесе правото за изградба на објект на друго лице без согласност на општината, односно градот Скопје.

**Член 66**

(1) Изградба на нови објекти за пренос и транзит на сурова нафта и нафтени деривати може да се врши од страна на домашни и странски лица врз основа на овластување.

(2) На предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, Владата на Република Македонија донесува одлука за овластување за изградба на нови објекти од ставот 1 на овој член.

(3) На постапката за издавање на овластување од ставот 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57 и 58 на овој закон.

## VI. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**Член 67**

(1) Производител на електрична енергија може да поседува, управува со работата на производна постројка и да врши продажба на електрична моќност, енергија и/или системски услуги.

(2) Производителот на електрична енергија е должен:
- да обезбеди достапност на планираната електрична моќност, енергија и/или системски услуги до точката на прием во согласност со лиценцата, односно со договорот за купопродажба на електрична енергија,

- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила и условите определени во лиценците,
- да доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електроенергетскиот систем или операторот на дистрибутивниот систем и други податоци и информации согласно со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција,
- да ги достави сите договори за купопродажба на електрична енергија, освен комерцијално - финансиските податоци, до операторот на пазарот на електрична енергија согласно со пазарните правила и
- да се придржува кон договорите кои ги склучил за производство, односно испорака на моќност, енергија и/или системски услуги.

**Член 68**

(1) Дистрибуираниот производител на електрична енергија може да врши продажба на електрична моќност и/или енергија на трговците со електрична енергија и на квалификуваните потрошувачи по договорна цена и на снабдувачот на електрична енергија за тарифните потрошувачи на мало, по регулирана цена.

(2) Дистрибуираниот производител на електрична енергија е должен:
- да доставува годишни извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување, планираната расположливост до операторот на дистрибутивниот систем и до Регулаторната комисија за енергетика, согласно со мрежните правила за дистрибуција,
- да ги достави сите договори за купопродажба на електрична енергија, освен комерцијално-финансиските податоци, до операторот на пазарот на електрична енергија согласно со пазарните правила и
- да се придржува кон условите на склучените договори за производство, како и испорака на моќност, енергија и/или системски услуги.

**Член 69**

(1) Регулираниот производител на електрична енергија има обврска за обезбедување на јавна услуга и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика склучува договор по регулирани цени и тарифи одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика:
- операторот на електроенергетскиот систем за обезбеување на системски услуги вклучувајќи ја и електричната енергија потребна за покривање на техничките загуби при трансформација и пренос на електрична енергија во количини одобрени од Регулаторната комисија за енергетика,
- снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало за испорака на моќност и електрична енергија за покривање на целокупните потреби на тарифните потрошувачи во обем којшто снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало одлучил да не го набавува на пазар неземајќи ги предвид загубите на електрична енергија во преносниот и дистрибутивниот систем и
- операторот на дистрибутивниот систем за испорака на електрична енергија потребна за покривање на техничките загуби во текот на трансформацијата и дистрибуцијата на електрична енергија во количини одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулираниот производител на електрична енергија за потребите на снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало е должен да го обезбеди следново:
- потребните количини на електрична енергија од сопствените производни капацитети и доколку е потребно од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија и
- потребен преносен капацитет и регулирани услуги.
(3) Регулираниот производител на електрична енергија го откупува потребното количество на електрична моќност и енергија од други производители и/или трговци со електрична енергија, од ставот (2) алинеја 1 на овој член на јасно дефиниран транспарентен и недискриминаторен начин кој ќе гарантира еднаков пристап на сите домашни и странски правни лица.
(4) Регулираниот производител на електрична енергија може да склучува договори за продажба, или на друг начин да врши продажба на вишок на моќност и енергија по пазарни услови, на отворен транспарентен и недискриминаторен начин. Регулаторната комисија за енергетика има пристап до целокупната документација и податоци поврзани со продажбата.
(5) Регулираниот производител на електрична енергија треба да отвори посебни сметки за снабдување на регулираниот сектор и продажба на пазарот, како и да ја чува целокупната документација и евиденција за набавка на моќност и електрична енергија и да овозможи пристап до истата по барање на Регулаторната комисија за енергетика. Регулираниот производител на електрична енергија треба да доставува до Регулаторната комисија за енергетика месечни детални извештаи за набавената моќност и електрична енергија.
(6) Регулираниот производител е должен да:
- ја испорача електричната моќност, енергија и системски услуги до точката на прием согласно со договорите од ставот (1) на овој член,
- доставува финансиски извештаи и ревизија на финансиските извештаи изработена од овластен ревизор до Регулаторната комисија за енергетика и
- доставува извештаи за работењето и други податоци согласно со условите пропишани со лиценцата, до Регулаторната комисија за енергетика.
(7) Во случај кога се доделува финансиска компензација, друга форма на компензација и ексклузивни права со цел за извршување на обврските дефинирани во горните ставови од овој член, тоа треба да биде изведено на недискриминаторен и транспарентен начин.

**Член 70**

(1) Вршителот на дејност пренос на електрична енергија е должен да ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа и истата да ја поврзе со производителите и директните потрошувачи на електрична енергија, дистрибутивниот систем, како и со преносните системи на соседните земји, во согласност со мрежните правила за пренос, соодветните оперативни прирачници и во согласност со правилата и прописите донесени, односно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Вршителот на дејност пренос на електрична енергија е должен да:
- обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна испорака на електрична енергија преку преносната мрежа, од точките на прием до точките на испорака,

- обезбеди развој и одржување на преносната мрежа заради сигурно и ефикасно функционирање на преносната мрежа,
- учествува во подготовката на мрежните правила за пренос,
- секоја година до Регулаторната комисија за енергетика доставува план за развој и проширување на преносната мрежа за следните пет години, изготвен во соработка со операторот на електроенергетскиот систем, годишна програма за спроведување на планот и извештај за остварувањето на годишната програма за претходната година и
- обезбеди приклучување на корисниците на преносната мрежа согласно со мрежните правила за пренос.

(3) Вршителот на дејност пренос на електрична енергија, во соработка со операторот на електроенергетскиот систем, може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од преносната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем. Начинот, постапките и известувањата за ваквите прекини вршителот на дејност пренос на електрична енергија го врши во согласност со мрежните правила за пренос.

**Член 71**

(1) Оператор на електроенергетскиот систем е должен да обезбеди:
- оперативно управување со електроенергетскиот систем на Република Македонија,
- пренос и транзит на електрична енергија преку преносниот систем на Република Македонија, на недискриминаторна и транспарентна основа,
- транзит на електрична енергија низ територијата на Република Македонија, во рамките на расположливиот преносен капацитет и се додека соседните држави од кои потекнува електричната енергија и соседните држави во кои се испорачува електрична енергија имаат еднаков третман за транзитот на електрична енергија за потребите на Република Македонија,
- усогласување на погонските манипулации во преносниот систем со вршителот на дејност пренос на електрична енергија,
- дневно диспечирање на производствените капацитети во Република Македонија, на планираните увозни и извозни трансакции и на трансакциите за транзит низ територијата на Република Македонија, врз основа на распоредот за диспечирање доставен од страна на операторот на пазарот на електрична енергија согласно со пазарните правила,
- паралелна работа на електроенергетскиот систем на Република Македонија и соседните електроенергетски системи,
- објавување на податоци за расположлив преносен капацитет на прекуграничните врски со соседните земји,
- следење на техничката и функционалната подготвеност, координирање и одобрување на распоредот за одржување на објектите за пренос и производство на електрична енергија,
- доверливо и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем и неопходни системски услуги по регулиран договор,
- количини на електрична енергија потребни за покривање на техничките загуби во преносната мрежа во количина одобрена од Регулаторната комисија за енергетика, по регулиран договор,

- количини на електрична енергија потребни за покривање на загубите на електрична енергија во износ над одобрениот од Регулаторната комисија за енергетика, согласно транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки,
- разрешување на преоптоварувањата на преносниот систем на електрична енергија на објективен, недискриминаторен и транспарентен начин согласно со мрежните правила за пренос,
- планирање на потребите од електрична енергија во соработка со операторот на пазарот на електрична енергија,
- пресметка на преземената, пренесената и испорачаната електрична енергија во соработка со операторот на пазарот на електрична енергија,
- урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на електрична енергија согласно со транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки,
- воспоставување на потребни измени на редоследот на ангажирање на производните капацитети и набавка на електрична енергија согласно со транспарентни недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки во случај на загрозување на сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, хаварии и поголеми отстапувања на потрошувачката на електрична енергија од утврдените количини,
- техничко - технолошки развој и одржување на системот за надзор и управување со електроенергетскиот систем и
- доверливост на комерцијалните и деловните податоци на корисниците на услугите на системот.

(2) Операторот на електроенергетскиот систем е одговорен за долгорочно планирање на преносната мрежа за обезбедување сигурност, доверливост и безбедност при снабдувањето со електрична енергија во Република Македонија.

(3) Операторот на електроенергетскиот систем е должен да доставува до Регулаторната комисија за енергетика, планови, студии и други информации за проширување и надградба на електроенергетската мрежа, вклучувајќи ги и финансиските планови за трошоците за таквото проширување и надградба.

(4) Операторот на електроенергетскиот систем е должен до Регулаторната комисија за енергетика да поднесува извештаи за финансиски и физички обем на реализирани услуги, на начин, услови и во рокови определени со лиценцата.

(5) Операторот на електроенергетскиот систем е должен да води евиденција за работењето на производните капацитети и капацитетот на преносната мрежа, да врши прогноза на потрошувачката на електрична енергија и да изготвува извештај за потребите од електрична енергија и потребите од нови преносни капацитети и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

(6) Операторот на електроенергетскиот систем е должен да води диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува не помалку од десет години.

**Член 72**

Операторот на електроенергетскиот систем е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија, да донесе и да објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежни правила за пренос со кои особено се уредуваат:

- техничко - технолошките услови за поврзување на електроенергетските објекти, уреди и постројки,
- техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на преносниот систем,
- планирањето, одржувањето и развојот на преносниот систем,
- мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии,
- услови и начин на пристап на трети страни на преносниот систем,
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди,
- критериуми за обезбедување на системските услуги,
- диспечирање на електричната енергија,
- квалитет на електрична енергија кој а се испорачува преку преносниот систем,
- комуникациски протоколи за системот за надзор и управување,
- долгорочна прогноза на потребите од електрична енергија и
- надзор и контрола на системите за оперативно управување.

**Член 73**

Лицата кои се одговорни за секојдневното раководење при вршењето на дејност оператор на електроенергетскиот систем не можат да учествуваат во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на вршењето на дејностите производство на електрична енергија, управување со дистрибутивниот систем за електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и трговија со електрична енергија.

**Член 74**

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија е одговорен за ефикасно функционирање на пазарот, управување со системот на купување и продавање на електрична енергија во согласност со начелата на пазарното работење и за развој на организираниот пазар на електрична енергија во согласност со начелата на јавност, транспарентност, недискриминаторност и конкурентност, обезбедување на услугите кои се во негова надлежност согласно со овој закон и согласно со условите дадени во лиценцата, по регулирани цени и услови одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на пазарот на електрична енергија подготвува и доставува до Министерството и Регулаторната комисија за енергетика, не подоцна од 30 октомври секоја календарска година, едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози на потребите од електрична енергија во Република Македонија.

(3) Операторот на пазарот на електрична енергија врши прогноза и планирање на снабдувањето и побарувачката врз основа на договори за купопродажба и трансакции на отворениот пазар на електрична енергија со цел за обезбедување на сигурност во снабдувањето.

(4) Операторот на пазарот на електрична енергија подготвува и доставува распоред за диспечирање за задоволување на оптоварувањето, до

операторот на електроенергетскиот систем и врши ажурирање на распоредот на редовни временски интервали согласно со пазарните правила.
(5) Операторот на пазарот на електрична енергија води евиденција и распоред на физичките трансакции на електрична енергија, согласно со сите информации за трансакции за купопродажба на електрична енергија доставени до операторот на пазарот на електрична енергија.
(6) Операторот на пазарот на електрична енергија им фактурира за дадените преносни и регулирани услуги на учесниците на пазарот на електрична енергија, со исклучок на регулираните, согласно со важечкиот тарифен систем.
(7) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да обезбеди доверливост на комерцијалните и деловните податоци на учесниците на пазарот на електрична енергија, кои му се достапни.
(8) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија и електричната енергија произведена во високо ефикасни комбинирани постројки.
(9) Операторот на пазарот на електрична енергија утврдува барања за финансиски гаранции за трансакциите со електрична енергија на пазарот на електрична енергија од вршителите на дејности и потрошувачите што учествуваат на пазарот преку операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електроенергетскиот систем.

**Член 75**

Операторот на пазарот на електрична енергија е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и објави во "Службен весник на Република Македонија" пазарните правила со кои особено се уредува:
- организација на пазарот на електрична енергија,
- воспоставување, организирање и контрола на тргувањето со моќност, електрична енергија и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување,
- краткорочна прогноза (неделна, дневна и часовна) на потребите од електрична енергија,
- постапка за порамнување на договорените и остварените трансакции врз основа на мерењата направени од страна на операторот на електроенергетскиот систем,
- следење на состојбите и појавите на пазарот на електрична енергија со цел за спречување на неконкурентни однесувања и
- механизам за барање и добивање информации од други вршители на дејности за развојот на конкурентските односи на пазарот.

**Член 76**

Операторот на пазарот на електрична енергија назначува агенција за порамнување на финансиските обврски на учесниците на пазарот на електрична енергија и со него склучува договор. Операторот на пазарот на електрична енергија определува и банка во која се врши порамнувањето и во неа отвора сметка за порамнување.

**Член 77**
**(се брише со Службен весник бр.106/08)**

**Член 78**

(1) Оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија е должен да ги приклучи на дистрибутивната мрежа сите потрошувачи на територијата на Република Македонија кои поднеле барање за приклучување, да ја одржува, надградува и проширува дистрибутивната мрежа и има право и обврска за инсталирање и одржување на опрема неопходна за функционирањето на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

(2) Операторот на дистрибутивниот систем за електрична енергија е должен:

- да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија со квалитет согласно условите за снабдување со електрична енергија преку дистрибутивната мрежа,
- да обезбедува развој и одржување на дистрибутивната мрежа со цел за обезбедување на ефикасно и сигурно функционирање на дистрибутивниот систем,
- учествува во подготовката на мрежните правила за дистрибуција,
- годишно поднесува до Регулаторната комисија за енергетика петгодишен план за надградување и проширување на дистрибутивниот систем, поднесува годишна програма за спроведување на планот, како и извештај за остварување на програмата за претходната година и
- обезбедува приклучување на корисниците на дистрибутивната мрежа согласно со мрежните правила за дистрибуција.

(3) Операторот на електроенергетскиот систем, може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од преносната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем. Начинот, постапките и известувањата за ваквите прекини оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија го врши во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

**Член 79**

(1) Операторот на дистрибутивниот систем е должен да обезбеди:

- управување со дистрибутивниот систем во Република Македонија,
- дистрибуција на електрична енергија на недискриминаторна и транспарентна основа,
- усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со операторот на електроенергетскиот систем,
- следење на техничката и функционална подготвеност, координирање и одобрување на распоредите за производство на дистрибутивните производители,
- сигурно и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем,
- количини на електрична енергија потребни за покривање на техничките загуби во дистрибутивниот систем во количина одобрена од Регулаторната комисија за енергетика по регулиран договор,

- количини на електрична енергија потребни за покривање на загубите на електричната енергија во износ над одобрениот од Регулаторната комисија за енергетика согласно со транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки,
- мерење на електрична енергија што се презема или испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа,
- усогласување на измерените количини на преземената електрична енергија во соработка со операторот на електроенергетскиот систем,
- технички и технолошки развој и одржување на системот за надзор и управување со дистрибутивниот систем и
- доверливост на комерцијалните и деловни податоци за корисниците на дистрибутивниот систем.
(2) Операторот на дистрибутивниот систем е одговорен за долгорочно планирање на развојот на дистрибутивниот систем со цел за обезбедување на сигурно и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем.
(3) Операторот на дистрибутивниот систем е должен електричната енергија што ја презема или испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа да ја мери со мерни уреди во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
(4) Мерните уреди кај новоизградените приклучоци се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем.
(5) Операторот на дистрибутивниот систем треба да ги замени со нови постојните мерни уреди во сопственост на потрошувачите во рокови утврдени со мрежните правила. Новопоставените мерни уреди се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем. Трошоците за замена на мерните уреди се на сметка на операторот на дистрибутивниот систем.
(6) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на дистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на лице место и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на потрошувачот. Ако операторот на дистрибутивниот систем утврди дека при замена на постојниот мерен уред во сопственост на корисникот е потребно да се изврши дислокација на мерното место, е должен на своја сметка да ја изведе дислокацијата со минимално нарушување во снабдувањето со електрична енергија на корисникот. Евентуалните штети врз имотот на корисникот што можат да настанат во процесот на дислокација на мерното место, операторот на дистрибутивниот систем е должен соодветно да ги надомести.
(7) Ако мерниот уред се наоѓа на имотот од корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на:
- пристап на секој имот или објект до мерниот уред заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на мерниот уред и
- пристап во секој имот или објект до мерниот уред заради исклучување на испораката на електричната енергија, во случај кога корисникот направи прекршок од овој закон или не извршил плаќање за електричната енергија во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.
(8) Операторот на дистрибутивниот систем е должен да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за производство на

електрична енергија од обновливи извори на енергија и производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки.
(9) Операторот на дистрибутивниот систем е должен да доставува до Регулаторната комисија за енергетика, планови, студии и други информации за проширување и надградба на дистрибутивната мрежа, вклучувајќи ги и финансиските планови за трошоците за таквото проширување и надградба.
(10) Операторот на дистрибутивниот систем е должен да доставува до Регулаторната комисија за енергетика извештаи за финансискиот и физички обем на реализираните услуги на начин и согласно со условите дадени во лиценцата.

**Член 80**

(1) Операторот на дистрибутивниот систем е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција со кои особено се уредуваат:
- техничко - технолошките услови за приклучување на електроенергетски објекти, уреди и постројки,
- техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на дистрибутивниот систем,
- планирањето, одржувањето и развојот на дистрибутивниот систем, - фактурирање на дистрибутивни услуги за квалификувани потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа,
- мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии,
- условите и начинот на пристап на трети страни на дистрибутивниот систем,
- доверливост на комерцијалните и деловни податоци на корисниците на услугите на дистрибутивниот систем,
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност,
- доставување на податоци за долгорочна прогноза на потребите од електрична енергија до операторот на дистрибутивниот систем и операторот на електроенергетскиот систем и
- надзор и контрола на системите за управување со дистрибутивниот систем.

**Член 81**

Лицата кои се одговорни за секојдневното раководење при вршењето на дејност оператор на дистрибутивниот систем не можат да учествуваат во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на вршењето на дејностите производство на електрична енергија, пренос на електрична енергија и трговија со електрична енергија.

**Член 82**

(1) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало купува моќност и електрична енергија, од регулираниот производител на електрична енергија, други производители на електрична енергија, трговци со електрична енергија и од дистрибуираните производители на електрична енергија, како и потребен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, за потребите на тарифните потрошувачи на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа, по цени одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало врши фактурирање на испорачаната електрична енергија и моќност, согласно со тарифниот систем, врз основа на извршените мерења.
(3) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало може да набави електрична моќност и енергија од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија, само ако пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за регулираниот производител на електрична енергија, на јасно дефиниран транспарентен и не-дискриминаторен начин кој ќе гарантира еднаков пристап на сите домашни и странски правни лица. Оваа набавка треба да биде одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.
(4) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало е должен да изготвува биланси за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа и ги доставува до операторот на пазарот на електрична енергија, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.
(5) Во случај кога се доделува финансиска компензација, друга форма на компензација и ексклузивни права со цел за извршување на обврските дефинирани во горните ставови од овој член, тоа треба да биде изведено на недискриминаторен и транспарентен начин.

**Член 83**

(1) Трговецот со електрична енергија купува електрична енергија заради продажба на квалификуваните потрошувачи, на регулираниот производител на електрична енергија или на лица надвор од земјата, или врши функција на трговски посредник за купопродажба на електрична енергија во или надвор од земјата.
(2) Трговецот со електрична енергија е должен, на операторот на пазарот на електрична енергија, да му достави информација за количините на електрична енергија и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и договорите за транзит низ преносната мрежа.
(3) Трговецот со електрична енергија обезбедува доволен преносен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, пазарните правила и мрежните правила за пренос, за електричната енергија и/или моќност која се обврзал да ја испорача на квалификуваните потрошувачи приклучени на преносната мрежа.
(4) Трговецот со електрична енергија обезбедува доволен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, за електричната енергија и/или моќност која се обврзал да ја испорача на квалификуваните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа. По исклучок, кога испорачаната електрична енергија потекнува од дистрибуиран производител на електрична енергија, трговецот е должен да обезбеди само дистрибутивен капацитет и соодветни регулирани услуги.
(5) Трговецот со електрична енергија е должен да:
- работи во согласност со пазарните правила во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите,

- ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на пазарот на електрична енергија во однос на договорените трансакции,
- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија,
- им фактурира на потрошувачите за електричната енергија, преносниот капацитет, регулираните услуги и дистрибутивен капацитет откупен за нивно снабдување и
- работи во согласност со законите на Република Македонија, прописите утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, мрежните правила за пренос, мрежните правила за дистрибуција, оперативни прирачници и пазарните правила.

**Член 84**

(1) Потрошувачи на електрична енергија директно приклучени на преносната мрежа се квалификувани потрошувачи освен директните потрошувачи кои вршат дејност од јавен интерес.
(2) Владата на Република Македонија може со одлука да ја прошири категоријата потрошувачи кои припаѓаат на категоријата на квалификувани потрошувачи врз основа на критериуми, кои вклучуваат потрошувачка, напонско ниво, групи на потрошувачи на дистрибутивната мрежа.
(3) Агенцијата за енергетика на Република Македонија води регистар на квалификувани потрошувачи во Република Македонија. Квалификуваните потрошувачи се должни потребните податоци да ги доставуваат до Агенцијата за енергетика согласно со пропишан образец од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
(4) Податоците и информациите кои имаат доверлив карактер Агенцијата за енергетика на Република Македонија ги користи и чува на начин утврден со акт согласно со прописите за заштита на податоците.
(5) Владата на Република Македонија одлуката од ставот 2 на овој член ја донесува врз основа на обврските кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори, влијанието врз сигурноста на системот, условите за планирање на системот, како и можностите за финансирање на инвестициите сврзани со промената и нивното влијание врз тарифите.
(6) Квалификуваните потрошувачи можат да склучуваат договори за моќност и енергија, со производителите на електрична енергија, освен со регулираните производители, и трговците со електрична енергија и се обврзани да го евидентираат секој таков договор за купување на енергија кај операторот на пазарот на електрична енергија.
(7) Квалификуваните потрошувачи се должни да ги доставуваат потребите за електрична енергија и моќност до операторот на пазарот на електрична енергија, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.

## VII. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

**Член 85**

(1) Вршителот на дејност пренос на природен гас е должен да го одржува, надградува и проширува преносниот систем за природен гас и да го поврзува со преносните системи за природен гас на соседните држави и/или деловите од системите на другите вршители на пренос на гас според одлука за приклучување која ја донесува операторот, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас и соодветните оперативни прирачници усогласени со правилата и прописите утврдени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Вршителот на дејност пренос на природен гас е должен да:

- обезбеди безбедна, сигурна и квалитетна испорака на природен гас од точката на прием до точката на испорака низ целиот преносен систем,
- обезбеди развој и одржување на системот за пренос на природен гас со цел за обезбедување на сигурно и безбедно функционирање на системот,
- учествува во јавната расправа за изготвувањето на мрежните правила за системот за пренос на природен гас,
- секоја година поднесува до Регулаторната комисија за енергетика план за развој и проширување на системот за пренос на природен гас за следните пет години, подготвен во соработка со операторот на пренос на природен гас, поднесува годишна програма за реализација на планот, како и извештај за реализација на програмата за предходната година,
- обезбеди приклучување на корисниците на преносната мрежа согласно со мрежните правила за пренос на природен гас и согласно со одлуката за приклучување донесена од операторот и
- обезбеди транзит на природен гас низ системот за пренос на територијата на Република Македонија, доколку капацитетот тоа го овозможува и се додека не е загрозена сигурноста на снабдувањето во Република Македонија.

(3) Вршителот на дејност пренос на природен гас заради надзор, контрола и одржување има право на пристап до инсталациите и мерно регулационите станици, составен дел на системот за пренос кои се наоѓаат на имотите на потрошувачите директно приклучени на системот за пренос на природен гас.

(4) Вршителот на дејност пренос на природен гас може привремено да ја прекине испораката на природен гас од систем за пренос при вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти и реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите.

(5) Привремениот прекин вршителот на дејност пренос на природен гас може да го врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и годишниот енергетски биланс.

(6) За денот, часот и очекуваното траење на привремениот прекин, вршителот на дејност пренос на природен гас должен е писмено да ги извести операторот на системот за пренос, корисниците и Министерството надлежно за работите на енергетиката најмалку седум дена пред прекинот.

**Член 86**

(1) Оператор на системот за пренос на природен гас е должен да:

- обезбеди оперативно управување со системот за пренос на природен гас,

- обезбеди пренос на природен гас на недискриминаторна и транспарентна основа,
- обезбеди транзит на природен гас низ системот за пренос на природен гас на територијата на Република Македонија се додека има расположлив капацитет, а таквиот транзит да не влијае негативно врз сигурноста на системот,
- ги потврди номинациите за количините на природен гас кои треба да се транспортираат низ системот за пренос и да изготви распоред за пренос согласно со мрежните правила,
- изготви протоколи и ги стави на располагање податоците за расположлив капацитет на системот за пренос на природен гас,
- склучи интерконекциски договори и договори за пренос на природен гас со сопственици и оператори на пренос на природен гас од соседните држави и од регионот,
- подготви распоред на оптоварување на системот за пренос на природен гас согласно со мрежните правила,
- обезбеди сигурно и доверливо функционирање на системот за пренос на природен гас и потребните системски услуги,
- ги решава оптоварувањата на системот за пренос на природен гас на објективен, недискриминаторен и транспарентен начин согласно со мрежните правила за пренос на природен гас,
- врши пресметување на примената и пренесената количина на природен гас,
- ги усогласи разликите меѓу фактичката и планираната потрошувачка на природен гас согласно со транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани процедури,
- обезбеди одржување и развој на системот за надзор и управување со системот за пренос на природен гас и
- обезбеди доверливост на комерцијалните и деловни податоци на корисниците на мрежата за пренос на природен гас.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен да доставува планови, студии и други податоци до Регулаторната комисија за енергетика за зголемување на капацитетите за пренос на природен гас или негова замена, вклучувајќи ги и финансиските планови за трошоците за таквото зголемување или замена.

(3) Оператор на системот за пренос на природен гас е должен да доставува до Регулаторната комисија за енергетика извештаи за финансискиот и физичкиот опсег на реализираните услуги, на начин и согласно со условите дадени во лиценцата.

(4) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен да го евидентира работењето на преносните капацитети, да подготвува прогноза за побарувачка на природен гас и да подготвува извештај за потребата од природен гас и нови преносни капацитети и за истото да ја известува Регулаторната комисија за енергетика по нејзино барање.

(5) Операторот на системот за пренос на природен гас, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ги донесува и објавува во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за пренос на природен гас со кои особено се уредуваат:

- техничките услови за приклучување на вршителите на дејност дистрибуција на природен гас и директни потрошувачи на природен гас со системот за пренос на природен гас,
- техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на системот за пренос на природен гас,
- планирањето, одржувањето и развојот на преносниот систем,
- мерките, активностите и постапките во случај на хаварии,
- условите и начинот за пристап на трети страни на системот за пренос на природен гас,
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди,
- стандарди за квалитет на природен гас,
- критериуми за обезбедување на системски услуги,
- количини на природен гас и постапки на планирање,
- прибирање на податоци и протоколи за комуникација и
- надзорот и контролата на системите за оперативно управување.

(6) Операторот на системот за пренос на природен гас заради надзор, контрола на мерење, оперативното управување со системот на пренос на природен гас, остварувањето на приклучувањето на системот на пренос, пресметувањето на примената и пренесена количина меѓу учесниците на пазарот на природен гас, регулацијата на природен гас, односно заради утврдување на количините на испорачаниот природен гас и другите негови надлежности, има право на пристап и владение на мерно регулационите станици кои се сопственост на вршителите на пренос на природен гас и/или сопственост на потрошувачите директно приклучени на системот на пренос на природен гас, на начин и услови утврдени со одлука на операторот.

**Член 87**

(1) Вршителот на дејност дистрибуција на природен гас е должен да обезбеди:
- безбедно и сигурно функционирање на дистрибутивната гасоводна мрежа во одредено подрачје,
- приклучување на корисници од своето одредено подрачје согласно со правилата за приклучување од мрежните правила за дистрибуција,
- развој и одржување во исправна состојба на својот систем за дистрибуција и другите капацитети што се во функција на системот на дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на природен гас и со плановите за развој на системот,
- преземање на сите пропишани мерки за безбедност во текот на користењето на системот за дистрибуција на природен гас и другите капацитети што се во функција на системот за дистрибуција на природен гас, како и мерките за заштита на животната средина,
- испорака на природен гас преку својот дистрибутивен систем од местото на приклучок на системот за пренос на природниот гас до потрошувачите на природниот гас приклучени на дистрибутивниот систем, на начин и услови утврдени со закон, друг пропис и во согласност со условите определени во лиценцата и
- квалитетна испорака на природен гас преку системот за дистрибуција.

(2) Вршителот на дејност дистрибуција на природен гас може привремено да ја прекине испораката на природен гас од системот за дистрибуција при

вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти и реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите.
(3) Привремениот прекин вршителот на дејност дистрибуција на природен гас може да го врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и годишниот енергетски биланс.
(4) За денот, часот и очекуваното траење на привремениот прекин вршителот на дејност дистрибуција на природен гас должен е писмено да ги извести вршителот на дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас, корисниците и Министерството најмалку седум дена пред прекинот.
(5) За привремениот прекин вршителот на дејност дистрибуција на природен гас е должен категоријата домаќинства и други помали корисници на природен гас да ги извести преку средствата за јавно информирање, најмалку три дена пред прекинот.

**Член 88**

(1) Вршителот на дејност дистрибуција на природен гас може да врши и дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас.
(2) Вршителот на дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас е должен да обезбеди:
- управување со системот за дистрибуција на природен гас во согласност со условите утврдени со закон, друг пропис и лиценцата за управување со системот за дистрибуција,
- усогласување на погонската манипулација во системот заради непречено вршење на дистрибуцијата на природен гас,
- регулирање на протокот и притисокот на природниот гас низ системот за дистрибуција на природен гас,
- надзор и тестирање на системот за дистрибуција на природен гас,
- следење на техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на природен гас и одобрување на распоредот за одржување,
- изготвување на годишни биланси за потребите на тарифните потрошувачи и врз основа на нив склучување на годишни договори за купување на природен гас во согласност со лиценцата за снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи,
- објективно, транспарентно и недискриминаторно урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и договорената потрошувачка на природен гас,
- услови, начин и постапка за набавка на природен гас заради обезбедување на системски услуги,
- долгорочна прогноза на потрошувачката на природен гас и
- сигурност и доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас кои му се достапни.
(3) Вршителот на дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и да ги објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција на природен гас со кои особено се уредуваат:
- техничко – технолошките услови за приклучување на потрошувачите на системот за дистрибуција на природен гас,

- техничките и другите услови за сигурно, безбедно и недискриминаторно функционирање на системот за дистрибуција на природен гас,
- мерките, активностите и постапките во случај на хаварии,
- услови и начин за пристап на трети страни на системот за дистрибуција на природен гас,
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на природниот гас и
- начинот на обезбедување на системските услуги по пат на транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки.

**Член 89**

(1) Вршителот на дејност дистрибуција на природен гас може да врши и дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на систем за дистрибуција на природен гас.
(2) Вршителот на дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на систем за дистрибуција на природен гас е должен да:
- склучува регулирани договори со трговци на природен гас за снабдување со природен гас, одобрени од Регулаторната комисија за енергетика,
- склучува регулирани договори со вршители на дејност пренос на природен гас за капацитет и регулирани услуги од системот за пренос на природен гас,
- го фактурира испорачаниот природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем врз основа на мерењата и ги фактурира преносните капацитети и регулираните услуги,
- ги фактурира регулираните услуги на системот за дистрибуција на природен гас на квалификуваните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција кои купуваат природен гас од трговци со природен гас, освен ако трговците ги набавуваат таквите услуги во име на квалификуваните потрошувачи и
- обезбедува сигурно и континуирано снабдување на тарифните потрошувачи приклучени на систем за дистрибуција на природен гас согласно со лиценцата издадена од Регулаторната комисија за енергетика.
(3) Вршителот на дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција има право на:
- пристап на секој имот или објект до броилото заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на броилото и
- пристап на секој имот или објект до броилото заради исклучување на испораката на природен гас, во случај кога сопственикот или станарот направи прекршок од овој закон или не извршил плаќање за природниот гас во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.
(4) Вршителот на дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција е должен да изготвува биланси за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем на природен гас и ги доставува до вршителот на дејност управување со системот за пренос на природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас.

**Член 90**

Доколку едно лице поседува две или повеќе лиценци за вршење на дејност пренос на природен гас, управување со системот за пренос на природен гас, дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдувач на природен гас на тарифни потрошувачи, тогаш:

- лицата одговорни за управување на системот за пренос на природен гас не можат да учествуваат во секојдневното работење на системот за дистрибуција на природен гас или во снабдувањето со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас,
- лицата одговорни за управување на системот за дистрибуција на природен гас не можат да учествуваат во секојдневното работење на системот за пренос на природен гас или во снабдувањето со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас,
- треба да води посебно сметководство за дејностите на пренос на природен гас, дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи и
- вршителот на дејност управување со системот за пренос на природен гас донесува програма за усогласување со која се обезбедува недискриминаторно однесување меѓу корисниците на преносниот систем.

**Член 91**

(1) Трговец на природен гас е правно лице кое врз основа на лиценца врши дејност трговија со природен гас на територијата на Република Македонија.

(2) Трговецот на природен гас го обезбедува гасот од увоз или од други трговци на природен гас и го продава на други трговци и/или на квалификувани потрошувачи.

(3) Трговецот на природен гас може да врши дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи директно приклучени на системот за пренос врз основа на лиценца за снабдување на овие потрошувачи и согласно со пропишаните тарифи и другите правила и прописи за снабдување на тарифни потрошувачи.

(4) Трговецот на природен гас е должен, на операторот на системот за пренос на природен гас, да му достави информација за количините на природен гас од договорите за испорака на природен гас склучени со квалификуваните потрошувачи, а доколку има својство на снабдувач со природен гас и од договорите склучени со тарифните потрошувачи.

(5) Трговецот со природен гас купува доволен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со тарифата, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, за количините на природен гас кои се обврзал да ги испорача освен ако квалификуваниот потрошувач купува преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги за сопствени потреби.

(6) Трговецот со природен гас е должен:

- да работи во согласност со прописите утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, мрежните правила за пренос, мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила и оперативните прирачници, со цел да се исполнат обврските кон купувачите и

- по барање на Регулаторната комисија за енергетика да достави во определен рок информации и извештаи за извршените и претстојните трансакции и деловни активности.

**Член 92**

(1) Со својство на квалификуван потрошувач на природен гас можат да се стекнат следниве категории на потрошувачи:

- потрошувач чија годишна потрошувачка е поголема од 10.000.000 м3 природен гас и
- вршителот на дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, Владата на Република Македонија може со одлука да ги прошири категориите на оние кои можат да се стекнат со својство на квалификувани потрошувачи врз основа на критериуми, кои можат да вклучуваат потрошувачка, притисок, групи на потрошувачи или место на приклучување.

(3) Квалификуваните потрошувачи ги прогласува со решение Регулаторната комисија за енергетика во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за стекнување со својство на квалификуван потрошувач.

(4) Владата на Република Македонија одлуката од ставот 2 на овој член ја донесува врз основа на обврските коишто произлегуваат од ратификувани меѓународни договори, влијанието врз сигурноста на системот, условите за планирање на системот, како и можностите за финансирање на инвестициите сврзани со промената и нивното влијание врз тарифите.

(5) Решенијата за стекнување својство на квалификувани потрошувачи донесени врз основа на одлуката од ставот 3 на овој член важат од првиот ден на следната календарска година.

(6) Промената на својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач, односно својството на тарифен потрошувач во својство на квалификуван потрошувач, не може да се изврши пред истекот на рокот од една година од денот на последната промена на својството.

(7) Решението од ставот 5 на овој член се доставува до вршителот на дејност управување со системот за пренос на природен гас, до вршителот на дејност управување со системот на дистрибуција и до вршителот на дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи.

(8) Правното или физичко лице кое не било квалификуван потрошувач на природен гас, кон барањето за стекнување својство на квалификуван потрошувач во прилог доставува соодветна документација од која може да се согледа планираното ниво на потрошувачка на природен гас.

(9) При промена на својството на тарифен потрошувач на природен гас во својство на квалификуван потрошувач кон барањето за стекнување својство на квалификуван потрошувач во прилог се доставува соодветна документација од која може да се согледа планираното ниво на потрошувачка на природен гас.

(10) Регулаторната комисија за енергетика ги пропишува поблиските услови за начинот и постапката за стекнување и престанување на својството на квалификуван потрошувач и ја води, одржува и објавува листата на квалификувани потрошувачи.

(11) Квалификуваните потрошувачи се должни, заклучно со месец октомври во тековната година, да ги пријават планираните количини на природен гас

за наредната година на операторот на системот за пренос на природен гас и на Регулаторната комисија за енергетика, како и на вршителот на дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас доколку се снабдуваат преку дистрибутивната мрежа.

## VIII. ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И МЕШАВИНИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ, СО БИОГОРИВА

### Член 93

(1) Вршителите на дејностите преработка на нафта и производство на нафтени деривати, транспорт на нафта и нафтени деривати преку нафтоводи и продуктоводи и преку други облици на транспорт, трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо, трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на мало и транзит на нафта и нафтени деривати преку нафтовод, односно продуктовод должни се објектите, уредите и постројките за вршење на енергетските дејности да ги користат и одржуваат во согласност со техничките прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина.

(2) Техничките прописи од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врските, министерот надлежен за работите од обла-ста на заштита на животната средина и природата и министерот надлежен за работите од областа на внатрешни работи.

### Член 94

(1) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод на определено подрачје во Република Македонија е должен да донесе акт за работа на нафтоводот, односно продуктоводот, во кој особено се регулирани: техничките услови за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати, техничките услови за безбедно функционирање на нафтоводот, односно продуктоводот, мерките и постапките во случај на хаварии, правилата за пристап на трети страни до системот за транспорт на нафта, односно нафтени деривати, функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на транспортираните количини на сурова нафа, односно нафтените деривати и другите услови неопходни за безбеден и сигурен транспорт.

(2) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод на определено подрачје во Република Македонија е должен актот од ставот 1 на овој член да го изготви согласно со техничките прописи од членот 93 на овој закон и истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика и до надлежните министерства од членот 93 став 2 на овој закон.

**Член 95**

(1) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен да им обезбеди по пат на преговарање пристап до слободните капацитети за транспорт на правните или физичките лица кои бараат транс-порт на нафта или нафтени деривати.
(2) Доколку страните не можат да се договорат за тарифата за транспорт по пат на преговарање, тогаш пристап ќе биде доделен по тарифата за транспорт важечка во тоа време за постојниот корисник на нафтоводот, односно продуктоводот.
(3) Решението во врска со барањето за пристап и транспортот на сурова нафта и нафтени деривати, вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен да го донесе во рок од осум дена од поднесувањето на барањето.
(4) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод, може со решение да одбие пристап на трети страни за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати, доколку за тоа постојат техничко-технолошки, односно безбедносни ограничувања или капацитетот на нафтоводот, односно продуктоводот е пополнет со претходно преземени договорни обврски.
(5) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен на подносителот на барањето за пристап и транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати, да му ги образложи причините поради кои неговото барање за пристап и транспорт е одбиено.
(6) Против решението од ставот 3 на овој член, подносителот на барање за пристап и транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати, може во рок од осум дена да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика.
(7) Со решение по жалбата од ставот 6 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да се произнесе во рок од десет дена од поднесувањето на жалбата.
(8) Жалбата против решението на Регулаторната комисија за енергетика не го одлага нејзиното извршување.

**Член 96**

(1) Сопствениците, односно корисниците на капацитетите за складирање на нафта и/или нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива можат да вршат дејност складирање на нафта и/или нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива за потребите на трети лица.
(2) Капацитети за складирање на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива во државна сопственост можат да бидат отстапени за складирање на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на други лица со договор за закуп по претходно спроведен јавен повик согласно со закон.
(3) Вршителот на дејност складирање на нафта и/или нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за

транспорт, со биогорива од ставот 1 на овој член, е должен од Регулаторната комисија за енергетика да прибави лиценца за вршење на дејност складирање на нафта и/или нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.
(4) Дејноста од ставот 1 на овој член, може да се врши доколку капацитетите за складирање на нафта и/или нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива ги исполнуваат пропишаните минимални технички услови за складирање на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.

**Член 97**

(1) Вршителот на дејноста трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо ги снабдува трговците на мало со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива и останатите индустриски и други потрошувачи на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива, на недискриминаторен и транспарентен начин.
(2) Вршителот на дејноста трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо треба да има на користење простор за складирање на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива коишто ги исполнува пропишаните минимални технички услови.
(3) Вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо е одговорен за квалитетот на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.
(4) Вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо е должен во секое време да има оперативни резерви од нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива за покривање на петдневен просечен обем на трговија, пресметан врз основа на остварениот обем на трговија за секој дериват одделно во претходната година.
(5) Вршителот на дејноста трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо склучува договор за снабдување со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива со вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на мало во рамките и за сметка на сопствената трговска маржа.

**Член 98**

(1) Вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со

биогорива на големо може да врши полнење и дистрибуција на садови под притисок (боци) со ТНГ во услови ако согласно со техничките прописи и стандарди за таа цел има изградено специјални полнилници за ТНГ и ако располага со најмалку 1.000 садови под притисок (боци) за ТНГ.
(2) Вршител на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо на боците за ТНГ задолжително треба да го истакне логото на претпријатието.
(3) На вршителот на дејност од ставот 1 на овој член, во лиценцата за вршење на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо, му се определуваат и условите за полнење и дистрибуција на садови под притисок (боци) за ТНГ.

**Член 99**

(1) Вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на мало, во услови кога со вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо има заклучено едногодишен или повеќе годишен договор за снабдување со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива, должен е доколку тоа го бара вршителот на дејност трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на големо, да го истакне на бензинската пумпа логото на трговското друштво вршител на дејност на трговија на големо, со кое се искажува потеклото на нафтениот дериват и со што на потрошувачите им се гарантира сигурноста и квалитетот.
(2) Дејноста трговија со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива на мало можат да ја вршат и физички лица.

**Член 100**

(1) Највисокото ниво на рафинериските и на малопродажните цени на нафтените деривати се определува согласно со прописот за формирање на цени на нафтени деривати.
(2) Прописот од ставот 1 на овој член треба да обезбеди покривање на сите трошоци како и регулиран принос на капиталот, и да ја следи динамиката на промените на цените на светскиот пазар на сурова нафта и нафтени деривати.
(3) Одлука за највисокото ниво на рафинериските цени на нафтените деривати, на барање на трговско друштво за преработка на нафта и производство на нафтени деривати, ја донесува Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 100-а**

(1) Највисокото ниво на цените на мешавините на течните горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогоривата се определува согласно со прописот за формирање на цена на овие мешавини.

(2) Согласно со прописот од ставот (1) на овој член цената на мешавината се формира според: процентуалното учество на течното гориво од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогоривата во смесата, највисокото ниво на утврдената рафинериска цена на нафтениот дериват согласно со членот 100 од овој закон и методологиите утврдени со овој пропис за формирање на цената на биогоривото и на цената на услугите за намешување.
(3) Одлуката за највисокото ниво на цените на мешавините на течните горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогоривата ја донесува Регулаторната комисија за енергетика, истовремено со донесување на Одлуката за највисоко ниво на рафинериските цени на нафтени деривати од членот 100 на овој закон.

**Член 101**

Со цел за обезбедување на сигурност на снабдувањето со електрична и топлинска енергија, на населението и стопанството, производителите на електрична или топлинска енергија кои во своето производство користат мазут, должни се во секое време да имаат оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на седумдневни просечни потреби на тие производители во претходната година.

**Член 102**

(1) Со цел за обезбедување на услови за интервентно снабдување со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива во случај на прекинато или недоволно снабдување на пазарот со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива предизвикано од воена состојба, вонредна состојба, несреќи од поголем размер, како и други причини што довеле или би можеле да доведат до поголемо нарушување на пазарот со нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива, се утврдува формирање, чување и користење на стоковни резерви на одделни видови нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.
(2) Задолжително формирање и чување на стоковни резерви согласно со ставот 1 од овој член е за следниве видови нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива:
- сите видови моторни и авио бензини кои се во употреба,
- сите видови дизел гориво и керозин кои се во употреба,
- ЕЛ - масло за домаќинство,
- ТНГ и
- Мазут.
(3) Стоковните резерви на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива од ставот 2 на овој член, како производи од исклучително значење за населението на Република Македонија, се формираат постепено според потрошувачката на одделни видови нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива во претходната календарска година, при што вкупниот износ на резервите на соодветен вид

нафтен дериват во тековната година, не може да биде помал од остварената просечна потрошувачка на тој нафтен дериват за период од 90 дена во претходната година или 25% од вкупно остварената потрошувачка на соодветниот вид нафтен дериват во претходната година.
(4) Стоковните резерви на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива од ставот 2 на овој член, можат да се формираат и чуваат и во форма на сурова нафта или полупроизводи, при што за да се задоволи условот од ставот 3 на овој член, во определувањето на количините на сурова нафта или полупроизводи за оваа намена, се зема предвид остварениот рандман на производство на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива во претходната година и планот на производство на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива за тековната година.

**Член 103**

(1) Стоковните резерви на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива се должни да ги формираат и чуваат трговските друштва кои вршат увоз на сурова нафта, полупроизводи од сурова нафта и нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.
(2) Стоковните резерви на нафта и нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива ќе се чуваат во складишни капацитети на територијата на Република Македонија.
(3) За стоковни резерви не можат да се сметаат количините на сурова нафта во нафтоводи, освен кога нафтоводот е директно поврзан само со рафинерии на територијата на Република Македонија.
(4) За стоковни резерви не можат да се сметаат количините на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива во продуктоводи, освен кога продуктоводот почнува и завршува на територијата на Република Македонија.
(5) Основа за пресметување на количините на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива за стоковните резерви кои треба да ги обезбедат трговските друштва од ставот 1 на овој член претставува реализираниот нето увоз во претходната година.
(6) Нето увозот од ставот 2 на овој член претставува реализираниот увоз, намален за реализираниот извоз и намален за разликата на резервите на крајот на годината и на почетокот на годината.

**Член 104**

(1) По исклучок од членот 103 став 2 на овој закон дел од стоковните резерви на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива можат времено или трајно да бидат чувани и складирани надвор од територијата на Република Македонија, во земја членка на Европската унија, во случај кога на територијата на Република Македонија не се располага со складиштен капацитет за нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива за период од 90 дена, за што Владата на Република Македонија донесува одлука.

(2) Врз основа на донесената одлука од ставот 1 на овој член, за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со складирањето и чувањето на стоковните резерви владите на двете земји склучуваат договор.

**Член 105**

Владата на Република Македонија, ќе го пропише финансирањето, условите, постапката и начинот на формирање, чување, користење и обновување на стоковните резерви на нафтени деривати и мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива.

## IX. ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА, ОДНОСНО ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА

**Член 106**

Општините и градот Скопје во рамките на својата надлежност за снабдување на корисниците на своето подрачје со топлинска, односно геотермална енергија, треба да создадат услови за вршење на дејностите дистрибуција и снабдување со топлинска, односно геотермална енергија.

**Член 107**

(1) Регулираниот производител на топлинска односно геотермална енергија има обврска за обезбедување на јавна услуга и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика склучува договор со снабдувачот со топлинска, односно геотермална енергија за продажба на целокупната расположлива топлинска, односно геотермална енергија наменети за потребите на потрошувачите, по регулирани цени и тарифи одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Регулираниот производител е должен да ја испорача топлинската, односно геотермалната енергија, согласно со договорот од ставот 1 на овој член, да достави до Регулаторната комисија за енергетика финансиски извештаи и ревизија на финансиските извештаи изработени од овластен ревизор, извештаи за работењето и други податоци согласно со условите пропишани со лиценцата од Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 108**

(1) Производителот на топлинската, односно геотермалната енергија може да поседува и управува со работата на производна постројка и да врши продажба на топлинска, односно геотермална енергија.
(2) Производителот на топлинската, односно геотермалната енергија е должен да:
- управува со производствениот објект во согласност со тарифите, условите и критериумите пропишани во самата лиценца,
- доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на општината или градот Скопје во врска со опремата, капацитетите, плановите за одржување, како и планираната расположливост,
- да ги достави сите договори за продажба на топлинска енергија и сите договори за продажба на топлинска и електрична енергија со времетраење од 30 или повеќе дена до Регулаторната комисија за енергетика во рок од седум дена по потпишувањето на такви договори и

- ги почитува условите во неговиот договор за производство на топлинска енергија и во случај на комбинирано производство ги почитува и условите за испорака на моќност, електрична енергија и/или помошни услуги.

**Член 109**

(1) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија е должен да ја одржува, надградува и проширува дистрибутивната мрежа на топлинска, односно геотермална енергија.
(2) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинската, односно геотермалната енергија е должен да обезбеди:
- безбедно и сигурно функционирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија и другите капацитети што се во функција на системот за дистрибуција на топлинска енергија,
- развој и одржување во исправна состојба на системот за дистрибуција и другите капацитети што се во функција на системот на дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот,
- преземање на сите пропишани мерки за безбедност во текот на користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија и другите капацитети што се во функција на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина,
- испорака на топлинска енергија преку системот за дистрибуција на топлинска енергија од местото на приклучок на енергетски објект за производство на топлинска енергија до местото на приклучување на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија (топлинска потстаница), на начин и услови утврдени со закон, друг пропис и во согласност со условите определени во лиценцата и
- квалитетна испорака на топлинска енергија преку системот за дистрибуција.
(3) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија може привремено да ја прекине испораката на енергија од топлификациониот, односно геотермалниот систем при вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти и реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите.
(4) Привремениот прекин од ставот 2 на овој член вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија може да го врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и годишниот енергетски биланс.
(5) За денот и часот на привремениот прекин вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија е должен писмено да ги извести корисниците и Министерството најмалку седум дена пред прекинот.
(6) За привремениот прекин од ставот 2 на овој член вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија е должен категоријата домаќинства и други помали корисници на енергија да ги извести преку средствата за јавно информирање, најмалку три дена пред прекинот.

**Член 110**

Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија врши и дејност управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија и во таа смисла е должен да обезбеди:
- оперативно управување со системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија во согласност со условите утврдени со закон, друг пропис и лиценцата за управување со системот за дистрибуција,
- усогласување на погонската манипулација во системот заради непречено вршење на дистрибуцијата на топлинска, односно геотермалната енергија,
- регулирање на протокот и притисокот на топлинската, односно геотермалната енергија низ системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- следење на техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- изготвување на годишни биланси за потребите на потрошувачите и врз основа на нив, склучување на годишни договори за купување на топлинска, односно геотермална енергија, кои ќе се достават до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалниците на општините или градот Скопје во согласност со лиценцата за снабдување со топлинска, односно геотермална енергија на тарифни потрошувачи,
- урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и договорената потрошувачка на топлинска, односно геотермална енергија и
- долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска, односно геотермална енергија.

**Член 111**

Вршителот на дејност управување со системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и да ги објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија со кои особено се уредуваат:
- техничко-технолошките услови за поврзување на потрошувачите на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- мерките, активностите и постапките во случај на хаварии,
- услови и начин за пристап на трети страни на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија,
- функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на топлинска, односно геотермална енергија и
- начинот на обезбедување на системските услуги по пат на транспарентни, недискриминаторни и пазарно ориентирани постапки.

**Член 112**

(1) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија врши и дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција и е

должен да обезбеди сигурно и континуирано снабдување со топлинска, односно геотермална енергија.
(2) Заради вршење на дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија на потрошувачите, вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија во својство на снабдувач купува топлинска, односно геотермална енергија од производителот на топлинска, односно геотермална енергија по цени одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.
(3) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија на потрошувачите, врз основа на отчитувањата на мерните уреди, врши фактурирање на испорачаната топлинска, односно геотермална енергија, согласно со тарифниот систем.
(4) При вршење на дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија за потрошувачи на мало, вршителот на дејноста има право на:
- пристап на секој имот или објект до мерните уреди заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на броилото и
- пристап во секој имот или објект до мерните уреди заради исклучување на испораката на топлинска енергија, во случај кога сопственикот или станарот направи прекршок од овој закон или не извршил плаќање за топлинската енергија во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.
(5) Вршителот на дејност дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија е должен да изготвува биланси за потребите на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија.

**Член 113**

(1) Вршителот на дејност снабдување со топлинска, односно геотермална енергија е должен да ја купува топлинската, односно геотермалната енергија произведена од производител на топлинска, односно геотермална енергија кој не е регулиран производител, а кој се наоѓа на подрачје на опслужување на снабдувачот, доколку производителот кој не е регулиран производител нуди цена која е еднаква со, или пониска од цената определена согласно со тарифната методологија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Условите на таквиот откуп се определуваат во договор склучен меѓу производителот на топлинската, односно геотермалната енергија кој не е регулиран производител и снабдувачот на топлинската, односно геотермалната енергија, а одобрен од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

## X. ПРИСТАП НА ТРЕТИ ЛИЦА

**Член 114**

(1) Операторот на енергетскиот систем во соодветните мрежни правила, треба да воспостави правила за приклучување на соодветната мрежа и методологии за пресметка на трошоците за приклучување. Правилата за приклучување треба да ги земат предвид последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата, местото на приклучување на постројките, објектите и уредите за кои се бара приклучување и видот на потребната инсталација за приклучување на мрежата.

(2) Операторот на енергетскиот систем е должен да им обезбеди на лицата кои бараат приклучување на соодветната мрежа детална процена на трошоците поврзани со приклучувањето. Трошоците за приклучување на мрежата треба да ги вклучат и трошоците за проширување на мрежата потребно за приклучување на повластени производители на електрична енергија.
(3) Регулаторната комисија за енергетика може да побара од соодветниот оператор на енергетскиот систем да ги поднесе трошоците за приклучување на мрежата и истите да ги поврати преку цената на регулираните услуги кога е потребно да се:
- поттикне производство на електрична енергија од обновливи извори или од високо ефикасни комбинирани постројки или
- остварат целите на Стратегијата за развој на енергетиката, Стратегијата за подобрување на енергетската ефикасност или Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија.

**Член 115**

(1) Лицата кои бараат приклучување на мрежа се должни да поднесат барање за согласност за приклучување на мрежа на соодветниот оператор на енергетскиот систем согласно со правилата за приклучување утврдени во соодветните мрежни правила.
(2) Лицата кои бараат приклучување на мрежата можат да бидат директни потрошувачи, вршители на пренос на енергија кои го прошируваат системот, квалификувани и тарифни потрошувачи, производители на електрична енергија, дистрибутери на природен гас, производители на топлинска енергија, операторот на дистрибутивниот систем за електрична енергија и вршителот на дејност дистрибуција на природен гас.
(3) Лицата кои бараат приклучување на мрежата можат да се приклучат на истата, само врз основа на претходно донесена одлука од соодветниот оператор на енергетскиот систем согласно со соодветните правила за приклучување и треба да ги поднесат трошоците за приклучување утврдени со правилата за приклучување и одлуката на операторот.
(4) Во одлуката за приклучување на операторот се утврдуваат минималните технички услови за приклучување, рокот за приклучување, обврските на сопственикот на системот на пренос на енергија во врска со приклучувањето и друго согласно со мрежните правила за соодветната енергетска дејност. Доколку лицето сака да изврши измени на постоен приклучок, должно е да достави ново барање до операторот за добивање согласност за приклучување, како и детална пресметка на трошоците за приклучување на мрежата.

**Член 116**

(1) Операторот на енергетскиот систем во соодветните мрежни правила треба да предвиди временски рокови во кои треба да донесе одлука во врска со барањето за издавање на согласност за приклучување и временски рокови во кои треба да биде остварено приклучувањето на мрежата.
(2) Доколку операторот на енергетскиот систем не издаде согласност за приклучување или издадената согласност за приклучување не е во согласност со соодветните мрежни правила, лицето кое бара приклучување може да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на одлуките на операторот.
(4)Согласноста за приклучување ќе престане да важи доколку изградбата на објектот не е започната во рок од две години по издавањето на согласноста.

## XI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 117

Корисникот на енергија од енергетскиот систем е должен:
- со користење на своите енергетски објекти, уреди или инсталации да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето и имотот,
- во рокот кој го утврдил Државниот инспекторат за техничка инспекција да ги отстрани недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации согласно со техничките прописи и нормативи,
- да не предизвикува непосредна опасност за распаѓање на енергетскиот систем,
- без согласност на вршителот на дејноста пренос, односно дистрибуција на енергија да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетскиот систем, односно преку своите објекти, уреди или инсталации да не овозможи приклучување на друг корисник на енергија,
- да овозможи правилно евидентирање на потрошената енергија и да не ја користи енергијата без мерни уреди или надвор од мерните уреди или со мерни уреди кои не се договорени да не ја попречува испораката на енергијата на други корисници,
- да не ја попречува испораката на енергијата на други корисници и
- во случај на недостиг на енергија да се придржува кон пропишаните мерки за намалување на потрошувачката.

### Член 117-а

Инвеститорот од членот 39 на овој закон за пуштање во употреба на опрема вградена во новоизграден објект или за пуштање во употреба на опрема којашто е вградена во постоечки градежен објект, треба да има решение за ставање во употреба на опремата по прв пат издадено од Државниот инспекторат за техничка инспекција по претходно спроведена постапка за ставање по прв пат во употреба на опремата во согласност со Законот за техничка инспекција.

### Член 118

(1) Работа на раководење со сложени енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII степен на стручна подготовка од соодветна струка и најмалку три години работно искуство во енергетиката на соодветни работни задачи.
(2) Работи на раководење со погоните на постројките и уредите на сложени енергетски објекти може да врши работник со најмалку VII степен на стручна подготовка од соодветна струка и со најмалку две години работно искуство во енергетиката на соодветни работни задачи.
(3) Како сложени енергетски објекти од ставовите 1 и 2 на овој член се сметаат објекти за производство на електрична енергија со моќност над 10 MW, објекти за пренос и дистрибуција на електрична енергија над 35 KV и

објекти за производство и пренесување на топлинска енергија со моќност над 30 MW, рафинерии на нафта, нафтоводи и гасоводи и рудници за јаглен.

**Член 119**

(1) Ракувачите на енергетски уреди и постројки треба да имаат положен испит за стручна оспособеност.
(2) Постапката за полагање на испит за стручна оспособеност на ракувачите на енергетските уреди и постројки ја спроведува Комисија формирана од министерот надлежен за работи од областа на енергетиката.
(3) На кандидатите кои го положиле испитот од ставот (1) на овој член, Комисијата им издава уверение.
(4) Министерот надлежен за работи од областа на енергетиката ги пропишува условите кои треба да ги исполнуваат ракувачите, програмата, начинот и постапката за полагање на испитот.

**Член 119-а**

Министерот надлежен за работи од областа на енергетиката донесува технички прописи за изградба, одржување и безбедно функционирање на енергетски објекти, уреди и инсталации, како и го пропишува начинот за вршење на контрола на квалитетот на електричната енергија.

**Член 120**

(1) Вршителите на енергетските дејности од јавен интерес се должни да обезбедат и да гарантираат доверливост на деловните податоци и информации коишто ги добиваат од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон.
(2) Обврската за обезбедување на доверливост на информациите од ставот 1 на овој член не се однесува на:
- информации кои што се достапни до јавноста,
- информации за кои постои писмена согласност од лицето за кое се однесуваат информациите,
- информации коишто носителот на лиценцата треба да ги обезбеди согласно со оваа лиценца, одлука на надлежен суд или на барање на државен орган и
- информации коишто се неопходни за извршувањето на обврските на оваа лиценца.
(3) Вршителите на енергетските дејности од јавен интерес не смеат да ги злоупотребуваат деловните тајни и информации кои што се добиени од трети лица при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица.

## XII. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ЕНЕРГЕТСКИ ИЗВОРИ

**Член 121**

(1) Владата на Република Македонија ја креира политиката за унапредување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија.
(2) Политиката за ефикасно користење на енергијата се утврдува со Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност.

(3) Политиката за искористувањето на обновливите извори на енергија се утврдува со Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија.

**Член 122**

Агенцијата за енергетика на Република Македонија дава поддршка на Министерството во подготовката на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност и Стратегијата за искористувањето наобновливите извори на енергија и нивно имплементирање.

**Член 123**

По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија ги донесува Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност и Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија.

**1. Енергетска ефикасност**

**Член 124**

(1) Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност ги дефинира целите за зголемување на енергетската ефикасност и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено:
- намалување на енергетската потрошувачка по единица на бруто домашниот производ во Република Македонија,
- зголемување на енергетската ефикасност во сите сектори на државната политика,
- промовирање на нови технологии со висок степен на енергетска ефикасност,
- промовирање на мерки за зголемување на енергетската ефикасност,
- анализирање на потенцијалот за инсталирање на високо ефикасни комбинирани постројки, вклучувајќи високо ефикасни комбинирани постројки,
- воведување на механизми за поддршка за зголемување на енергетската ефикасност, вклучувајќи повластени тарифи за производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки и други механизми за поддршка,
- промовирање на јавната свест за целите на енергетската ефикасност и
- намалување на штетните последици врз животната средина предизвикана од производството, преносот, дистрибуцијата и користењето на енергијата.

(2) Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност се донесува за период од најмалку десет години.

**Член 125**

(1) По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност.

(2) Програмата од ставот 1 на овој член ги дефинира мерките за унапредување на енергетската ефикасност, а особено содржи:
- мерки,
- финансиски извори,
- услови за имплементација,
- индикатори за постигнување на резултатите,

- технички прописи и национални стандарди за енергетска ефикасност,
- други потребни податоци и
- носителите на активностите и роковите за реализација на предвидените активности.

(3) Програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од пет години.

(4) Министерството изготвува двогодишен извештај за реализација на Програмата од ставот 1 на овој член и за напредокот постигнат во унапредувањето на енерегетската ефикасност и го доставува до Владата на Републиката и го објавува на својата веб страница.

**Член 126**

Агенцијата за енергетика на Република Македонија дава поддршка на Министерството во подготовката на Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност и на прописите од членовите 130 и 132 на овој закон.

**Член 127**

(1) Податоците за изработка на Стратегијата од членот 124 и за Програмата од членот 125 на овој закон, по барање на Министерство, должни се да достават вршителите на енергетските дејности и потрошувачите на енергија, министерствата надлежни за соодветна област, во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето на Министерството.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката ги пропишува начинот, формата и содржината на барањето за доставување податоци од ставот 1 на овој член.

**Член 128**

(1) Политиката на општината, односно на градот Скопје за енергетската ефикасност се утврдува во програма за унапредување на енергетската ефикасност која треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

(2) Програмата од ставот 1 на овој член по предлог на градоначалникот, а по претходно прибавено мислење од Министерството, ја донесува советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

(3) Програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од пет години.

(4) Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата од ставот 1 на овој член и извештај за остварување на планот за претходната година и го доставува со советот на општината, односно Советот на градот Скопје поради одобрување, односно усвојување.

(5) Планот и извештајот од ставот 4 на овој член се доставува до Министерството.

**Член 129**

(1) Податоци за изработка на Програмата и планот за реализација на програмата од членот 128 на овој закон, по барање на општината односно градот Скопје, должни се да достават енергетските субјекти на територијата, односно градот Скопје во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

(2) Советот на општината, односно градот Скопје ги пропишува начинот, формата и содржината на барањето за доставување податоци во согласност со барањето пропишано од министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.

**Член 130**

(1) Заради постигнување на енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти, треба да се исполнат барањата и условите кои се однесуваат на:
- начинот за изградба на нови и реконструкција на постојни градежни објекти од аспект на енергетска ефикасност,
- означувањето на градежни објекти во поглед на нивните енергетски карактеристики,
- максимално дозволените годишни/месечни енергетски потреби во зависност од намената на објектот, неговата локација, геометријата и својствата на градежните материјали,
- начинот на контрола на усогласеноста на градежниот објект со одредбите на правилникот,
- условите кои треба да ги исполнува овластеното правно лице за надзор и
- други услови и барања.

(2) Оцена на исполнетоста на барањата и условите од ставот 1 на овој член може да врши правно лице кое со решение ќе го овласти министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.
(3) Правното лице од ставот 2 на овој член за да биде овластено треба да има вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на енергетиката и најмалку пет години работно искуство во струката, како и да има простории и опрема соодветни за вршење на овие работи.
(4) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката донесува решение за овластување на правното лице од ставот 2 на овој член.
(5) Против решението од ставот 4 на овој член може да се изјави жалба до второстепената комисија за решавање на управни работи од областа на енергетиката при Владата на Република Македонија.
(6) Овластените правни лица од ставот 2 на овој член издаваат сертификати со кои се потврдува исполнетоста на барањата за енергетските карактеристики на градежните објекти од аспект на енергетската ефикасност.
(7) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката поблиску ги пропишува условите во поглед на просториите и опремата на лицата од ставот 3 на овој член.
(8) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката поблиску ги пропишува барањата и условите од ставот 1 на овој член.

**Член 131**

(1) Со технички спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива, поблиску се утврдуваат критериумите кои треба да ги задоволуваат новите моторни возила, постројките за производство на електрична и топлинска енергија и други уреди од аспект на енергетска ефикасност.

(2) Списокот на техничките спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива кај новите моторни возила, го објавува министерот надлежен за работите од областа на транспортот.
(3) Списокот на техничките спецификации и стандарди за термоелектраните, топланите и другите енергетски интензивни индустриски капацитети го објавува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.
(4) Техничките спецификации за комбинираните постројки ја вклучуваат Методологијата за определување на ефикасност во комбинирани процеси која се користи за утврдување на квалификуваноста на процесот на комбинираната постројка кој се користи за производство на топлина и електрична енергија како високо ефикасно комбинирано производство. Квалификуваност како високо ефикасно комбинирано производство се постигнува доколку примарните заштеди на енергија од комбинираното производство на топлинска и електрична енергија за најмалку 10% се пониски од утврдените вредности за ефикасност на одделно производство на топлинска и електрична енергија во нормални оперативни услови.
(5) Методологијата од ставот 4 на овој член треба да ги земе во предвид карактеристиките на различни типови постројки, како и староста на постројката и технологијата за комбинирано производство.
(6) Методологијата од ставот 4 на овој член ја донесува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.
(7) Правните и физичките лица се должни да ги применуваат Техничките спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива кои се однесуваат на новите моторни возила, постројките за производство на електрична и топлинска енергија и другите енергетски интензивни индустриски капацитети од аспект на енергетска ефикасност кои се продаваат и/или увезуваат на територијата на Република Македонија.
(8) Оцена на исполнетоста на условите за ефикасно искористување на фосилните горива кои се однесуваат на новите моторни возила ќе врши правно лице кое врши технички преглед и регистрација на моторните возила во согласност со закон.

**Член 132**

(1) Означувањето на новите уреди за домаќинства од аспект на потрошувачката на енергија треба да го исполнуваат следново, и тоа:
- уредите за домаќинства за кои е задолжително означување,
- стандардизација на уреди за домаќинствата,
- роковите за постепено воведување на максимално дозволената потрошувачка на електрична енергија на нови уреди за домаќинствата,
- барања за енергетска ефикасност на уредите за домаќинствата,
- обликот, формата и содржината на ознаката,
- начинот на контрола на означување и
- други барања и услови.

(2) При утврдувањето на максималното ниво на дозволената потрошувачка на електрична енергија треба да се земе предвид видот на апаратот, неговиот волумен, енергетската ефикасност на неговата конструкција и други релевантни фактори.
(3) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката поблиску ги пропишува начинот и постапката за означувањето на новите уреди за

домаќинства од аспект на потрошувачка на енергија од ставот (1) на овој член.

**2. Обновливи извори на енергија**

**Член 133**

(1) Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија ги дефинира целите за искористувањето на обновливите извори на енергија и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено:
- потенцијалот на обновливите извори на енергија,
- изводливоста на искористувањето на потенцијалот на обновливите извори на енергија,
- зацртаниот обем и динамиката за воведување на потрошувачка на електрична енергија од обновливите извори на енергија во енергетскиот биланс и
- дефинирање на преодни мерки за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија преку повластени тарифи за повластени производители на електрична енергија и други мерки за поддршка.

(2) Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија се донесува за период од најмалку десет години.

**Член 134**

(1) По предлог на Министерството, Владата на Република Македонија донесува Програма за реализација на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија.

(2) Програмата од ставот 1 на овој член ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи:
- мерки,
- финансиски извори,
- услови за имплементација,
- индикатори за постигнување на резултатите,
- технички прописи и национални стандарди за обновливите извори на енергија,
- други потребни податоци и
- носителите на активностите и роковите за реализација на предвидените активности.

(3) Програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од пет години.

(4) Министерството изготвува двогодишен извештај за реализација на Програмата од ставот 1 на овој член и за напредокот постигнат во искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за употребата на биогоривата во секторот за транспорт.

**Член 135**

Агенцијата за енергетика на Република Македонија дава поддршка на Министерството во подготовката на Програмата за реализација на Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија и прописот од членот 139 на овој закон.

**Член 136**

Податоци за изработка на Програмата од членот 134 на овој закон, по барање на Министерството, должни се да достават вршителите на енергетските дејности и потрошувачите на енергија, министерства надлежни за соодветна област, во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето на Министерството. Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката ги пропишува начинот и содржината на барањето за доставување податоци.

**Член 137**

(1) Политиката на општината, односно на градот Скопје за искористување на обновливи извори на енергија ги опфаќа геотермалната енергија, биомасата, биогасот, земниот гас и сончевата енергија и се утврдува во програма за обновливите извори на енергија која треба да биде во согласност со државната Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија.

(2) Програмата од ставот 1 на овој член по предлог на градоначалникот, а по претходно прибавено мислење од Министерството, ја донесува советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

(3) Програмата од ставот 1 на овој член се донесува за период од пет години.

(4) Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата од ставот 1 на овој член и извештај за остварувањето на планот за претходната година и го доставува до советот на општината, односно Советот на градот Скопје заради одобрување односно усвојување.

(5) Планот и извештајот од ставот 4 на овој член се доставуваат до Министерството.

**Член 138**

Податоци за изработка на Програмата и планот за реализација на програмата од членот 137 на овој закон, по барање на општината, односно градот Скопје, должни се да достават енергетските субјекти на територијата, односно градот Скопје во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето. Советот на општината, односно градот Скопје ги пропишува начинот и содржината на барањето за доставување податоци во согласност со барањето пропишано од министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.

**Член 139**

(1) Заради унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката поблиску ги пропишува:

- видовите на постројки кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија,
- начинот на мерење на потенцијалот на обновливите извори на енергија,
- начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на обновливиот извор на енергија,
- начинот за водење регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија и
- други активности во врска со искористувањето на електрична енергија.

(2) Агенцијата за енергетика на Република Македонија издава одобрение за мерење на потенцијалот на обновливиот извор на енергија и води регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија и високоефикасни комбинирани постројки за производство на електрична енергија во Република Македонија.
(3) Владата на Република Македонија го пропишува целниот процент на електрична енергија произведена од повластени производители кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки во вкупната потрошувачка на електрична енергија.

**Член 140**

(1) Агенцијата за енергетика на Република Македонија издава и води регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високо ефикасни комбинирани постројки во Република Македонија.
(2) За добивање на гаранции за потекло на електрична енергија од ставот (1) на овој член производителот на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од вискоефикасни комбинирани постројки е должен да плати надоместок за трошоците направени во постапката за издавање на гаранции за потекло на електрична енергија од ставот (1) на овој член во износ од 200 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.
(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член се уплатува на сметка на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
(4) Гаранцијата за потекло на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија содржи податоци за производителот, за количините на произведената електрична енергија, изворот на енергија од кој е произведена електричната енергија, датумите и местата на производството, а во случај на хидроелектрани и инсталираната моќност, и други податоци.
(5) Гаранциите за потекло за производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки содржи податоци за нето топлотна вредност на користеното гориво, датумите и местата на производството, искористувањето на произведената топлинска енергија, количеството на произведената електрична енергија, и заштедите на примарна енергија пресметани согласно со методологијата за пресметка донесена од министерот надлежен за работите од областа на енергетиката.
(6) Статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки може да се стекнува врз основа на акт издаден од Агенцијата за енергетика доколку производителот на електрична енергија:
- произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки,
- е регистриран во регистарот на постројки кои користат обновливи извори на енергија и високоефикасни комбинирани постројки за производство на електрична енергија во Република Македонија од членот 139 став (2) на овој закон,

- достави комплетна документација пропишана со подзаконскиот акт од членот 140-а став (2) на овој закон и
- има инсталирана моќност на постројката согласно со подзаконскиот акт од членот 140-а став (3) на овој закон.

(7) За стекнување на статус на повластен производител од ставот (6) на овој член производителот на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од вискоефикасни комбинирани постројки е должен да плати надоместок за трошоците направени во постапката за стекнување на овој статус на повластен производител од ставот (6) на овој член во износ од 100 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(8) Надоместокот од став 7 на овој член се уплатува на сметка на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

(9) Агенцијата за енергетика води регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки.

**Член 140-а**

(1) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката го пропишува начинот за издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината и формата и начинот на водењето на регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки.

(2) Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката го пропишува начинот и за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината и формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки

(3) Владата на Република Македонија поблиску ја утврдува висината на инсталираната моќност на постројката за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки.

**Член 141**

(1) Регулаторната комисија за енергетика утврдува повластени тарифи за електрична енергија која ја продаваат повластените производители на електрична енергија и производителите на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки.

(2) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија и од производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки. Трошокот на ваквиот откуп операторот на пазарот на електрична енергија ќе им го фактурира на учесниците на пазарот на електрична енергија согласно со тарифите од ставот 1 на овој член.

(3) Повластениот производител на електрична енергија и производство на електрична енергија од високо ефикасната комбинирана постројка имаат обврска да достават до Регулаторната комисија за енергетика акт издаден од Агенцијата за енергетика на Република Македонија со кој се стекнува статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високоефикасни комбинирани постројки за да добие повластена тарифа за своето производство.
(4) Регулаторната комисија за енергетика може да побара од операторот на електроенергетскиот систем, кога диспечира производствени постројки, да им даде приоритет на производствените постројки кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори или од ефикасно комбинирани постројки.

**Член 142**

(1) За реализација на Стратегијата за енергетска ефикасност и Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија се воспоставува механизам за финансиска поддршка.
(2) Средствата за финансиската поддршка се обезбедуваат од:
- Буџетот на Република Македонија,
- буџетите на општините односно буџетот на градот Скопје,
- грантови, донации, спонзорства од странски и домашни правни и физички лица,
- странски и домашни кредити и
- државна помош согласно со Законот за државната помош и друго.

## XIII. ЗАШТИТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, УРЕДИ И ПОСТРОЈКИ И НА ЕНЕРГЕТСКИОТ ПРОСТОР

**Член 143**

(1) Не се дозволени изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаи определени со овој закон.
(2) Ако изведувањето на работите од ставот 1 на овој член е неопходно производителот, односно операторот на енергетскиот систем на енергија е должен да даде согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето, со која ги определува и потребните заштитни мерки на објектите, уредите и постројките. Трошоците за преземање на заштитните мерки ги сноси инвеститорот на работите.

**Член 144**

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на преносни и дистрибутивни енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени.
(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надомест на штета што настанала со работите од ставот 1 на овој член, според прописите за експропријација.

**Член 145**

(1) Просторот за изградба на енергетски објекти се утврдува со просторните и урбанистичките планови.
(2) Под енергетски простор од ставот 1 на овој член се подразбира лежиштето на енергетските суровини, просторот на кој е изграден или се планира да се изгради објект или постројка за производство, пренос, преработка, акумулација, конверзија, складирање или дистрибуција на енергија, како и просторот за депонирање на отпадните производи добиени при производството и користењето на соодветен вид енергија.

**XIV. НАДЗОР**

**Член 146**

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството.
(2) Надзор над законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје, во врска со надлежностите утврдени со овој закон врши Министерството.
(3) Надзор над законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје, се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.
(4) При вршење на надзорот од ставот 2 на овој член, Министерството ги врши следниве работи:
1) ја следи законитоста на работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината, односно градот Скопје во согласност со закон;
2) оценува дали органите на општината и градот Скопје, обезбедуваат вршењето на работите од нивна надлежност да се извршува согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
3) им укажува на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје на пречекорување на нивните надлежности утврдени со закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на ваквата состојба;
4) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од локално значење;
5) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје кои треба да ги вршат во рамките на законот, на нивно барање;
6) го следи навременото донесување на актите утврдени со овој закон од страна на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот и градоначалникот на градот Скопје;
7) поднесува иницијативи и предлози до советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот на градот Скопје, доколку

констатира неспроведување на закон како резултат на судир на надлежности меѓу органите на општината;
8) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавање на управните работи за права, обврски и интереси на физичките и правните лица донесени врз основа на овој и друг закон и презема мерки по овластување со закон и
9) навремено ги известува органите на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје на Советот на градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.
(5) За преземените мерки и активности од ставот 4 точки 6 и 8 на овој член, Министерството го информира советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје Советот на градот Скопје.
(6) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје Советот и градоначалникот на градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите од ставот 4 на овој член, по сила на закон им се одзема или ограничува вршењето на соодветната надлежност.
(7) Вршењето на одземените работи ги презема Министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.
(8) Министерството вршењето на одземените работи од надлежност на советот и градоначалникот на општината, а во градот Скопје Советот и градоначалникот на градот Скопје ги врши во име и за сметка на општината, односно на градот Скопје.

**Член 147**

(1) Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат во согласност со овластувањата утврдени со закон.
(2) Инспекцискиот надзор опфаќа надзор над одредбите од овој закон, други прописи и општи акти, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет кој се однесуваат на вршење на енергетските дејности, проектирање, градење, одржување и користење енергетски објекти, инсталации, уреди, постројки и опрема во тие објекти, за квалитетот на енергијата која се испорачува на купувачот, за барањата кои се однесуваат на енергетската ефикасност за нови и реконструкција на постојни објекти, максимална енергетска потрошувачка и означувањето на уредите за домаќинствата и условите за ефикасно искористување на фосилните горива кои се однесуваат на новите постројки за производство на електрична и топлинска енергија и другите енергетски интензивни индустриски капацитети.

**Член 148**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор електроенергетскиот инспектор и/или инспекторот за парни котли и постројки под притисок утврди дека лицето не ги применува или несоодветно ги применува техничките спецификации ќе донесе решение со кое:

- ќе нареди да се отстранат утврдените недостатоци кои влијаат врз функционирањето на постројките и уредите и ќе определи рок во кои треба да се отстранат,
- ќе ја забрани употребата на објектот, постројката, уредот или инсталацијата ако лицето не ги отстрани утврдените неисправности и неправилности во определениот рок и
- ќе ја забрани употребата односно градбата и изведувањето на објектот, постројката, уредот или инсталацијата се додека утврдените неисправности и неправилности не се отстранат.
(2) Инспекторот ќе го донесе решението од ставот 1 на овој член и во случај ако физичкото лице врши дејност без упис на дејноста во соодветен регистар.

**Член 149**

Ако при вршењето на надзорот државниот електроенергетски инспектор и/или државниот инспектор за парни котли и постројки под притисок утврди дека правното лице на кое му е одземена лиценцата за вршење на енергетска дејност продолжува со работа, ќе донесе решение со кое ќе ја забрани употребата на објектот на кој се однесува лиценцата.

**Член 150**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека правното лице не ги применува или несоодветно ги применува одредбите од прописот за етикетирање ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од пазар уредите кои не се етикетирани согласно со овој закон и ќе определи рок за отстранување на неправилностите и недостатоците.
(2) Правните и физички лица кои ставаат на пазар уреди за домаќинства се должни да ги етикетираат во согласност со прописот од ставот 1 на овој член.

**Член 151**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека правното лице не ги исполнува условите утврдени со овој закон за начинот на формирање и чување на стоковни резерви на сурова нафта, полупроизводи од нафта и нафтени деривати ќе донесе решение со кое ќе нареди да ги обезбеди количините кои недостасуваат согласно со законот во рок од 30 дена.
(2) Доколку правното лице не постапи по решението од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор е должен, покрај мерките утврдени со друг закон, да поведе и постапка за суспендирање или одземање на лиценцата за вршење на дејноста пред Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 152**

Против решението на инспекторот од членовите 148, 149, 150 и 151 на овој закон може да се изјави жалба во рок од 15 дена до надлежната комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на енергетиката.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 153**

(1) Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) како претходен носител на лиценца не продолжи со извршувањето на дејноста под надзор на надлежниот инспекторат (член 51);

2) Во своето сметководство не обезбеди посебно сметководство за секоја од енергетските дејности од јавен интерес кои ги врши (член 6 став 5 );

3) врши енергетска дејност од јавен интерес, а не ги поднесува своите годишни ревидирани финансиски извештаи до Регулаторната комисија за енергетика, како и консолидирани сметки за другите дејности и биланси со преглед на приходите, расходите, изворите на финансирање на инвестициите, начинот на финансирање на инвестициите и резултатите од работењето за секоја дејност поединечно (член 6 став 6);

4) по барање на надлежното министерство, не достави податоци за изработка на Стратегијата од членот 10 на овој закон и за Програмата од членот 11 на овој закон, во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето (член 12 став1);

5) по барање на општината, односно градот Скопје, не достави податоци за изработка на Програмата и планот за реализација на програмата од членот 13 на овој закон, во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето (член 14 став 1);

6) не се придржува на цените одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 20 став 2);

7) на барање на Регулаторната комисија за енергетика не ги даде потребните документи, податоци и информации за извршувањето на работите во надлежност на Регулаторната комисија за енергетика (член 24 став 1);

8) не доставува до Регулаторната комисија за енергетика месечни, квартални, годишни и други извештаи во врска со вршењето на дејноста, на начин и услови и со содржини определени со соодветни лиценци (член 24 став 3);

9) не ја исполнува обврската за обезбедување на јавна услуга (член 69 став 1);

10) не ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа и истата не ја поврзе со производителите и директните потрошувачи на електрична енергија, дистрибутивниот систем, како и со преносните системи на соседните земји, во согласност со мрежните правила за пренос, соодветните оперативни прирачници и во согласност со правилата и прописите донесени, односно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (член 70 став 1);

11) до Регулаторната комисија за енергетика не поднесе извештаи за финансиски и физички обем на реализирани услуги, на начин, услови и во рокови определени со лиценцата (член 71 став 4);

12) не води евиденција за работењето на производните капацитети и капацитетот на преносната мрежа, не врши прогноза на потрошувачката на електрична енергија и не изготвува извештај за потребите од електрична енергија и потребите од нови преносни капацитети и за тоа не ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање (член 71 став 5);

13) не води диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци, и таквите книги, записи и податоци не ги чува најмалку десет години (член 71 став 4);
14) Не донесе и не објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежни правила за пренос (член 72 став 1);
15) не го обезбедува извршувањето на обврските предвидени во членот 67 став 2, членот 68 став 2, членот 69 став 2, членот 70 став 2, членот 71 став 2, членот 78 став 2, членот 79 став 1 и членот 83 став 5 од овој закон;
16) не обезбеди доверливост на комерцијалните и деловните податоци на учесниците на пазарот на електрична енергија, кои му се достапни (член 74 став 7);
17) не ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија и електричната енергија произведена во високо ефикасни комбинирани постројки (член 74 став 8);
18) по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, не ги донесе и објави во "Службен весник на Република Македонија" пазарните правила (член 75 став 1);
19) не го откупи целокупното расположливо производство на моќност, електрична енергија и системски услуги од регулираниот производител и потребни количини на моќност, електрична енергија и системски услуги од други производители на електрична енергија и/или трговци со електрична енергија, како и потребен преносен капацитет и регулирани услуги, за потребите на снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало и на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа (член 77 став 1);
20) не ги приклучи на дистрибутивната мрежа сите потрошувачи на територијата на Република Македонија кои поднеле барање за приклучување, не ја одржува, надградува и проширува дистрибутивната мрежа, во согласност со мрежните правила за дистрибуција (член 78);
21) не достави до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки (член 79 став 3);
22) не достави до Регулаторната комисија за енергетика, планови, студии и други информации за проширување и надградба на дистрибутивната мрежа, вклучувајќи ги и финансиските планови за трошоците за таквото проширување и надградба (член 79 став 4);
23) Не достави до Регулаторната комисија за енергетика извештаи за финансискиот и физички обем на реализираните услуги на начин и согласно со условите дадени во лиценцата (член 79 став 5);
24) по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, не ги донесе и објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција (член 80);
25) не изготви биланси за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа и не ги достави до операторот на пазарот на електрична енергија, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција (член 82 став 4);
26) не го одржува, надградува и проширува преносниот систем за природен гас и не го поврзува со преносните системи за природен гас на соседните

држави, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас и соодветните оперативни прирачници усогласени со правилата и прописите утврдени од Регулаторната комисија за енергетика (член 85 став 1);
27) не достави планови, студии и други податоци до Регулаторната комисија за енергетика за зголемување на капацитетите за пренос на природен гас или нивна замена, вклучувајќи ги и финансиските планови за трошоците за таквото зголемување или замена (член 86 став 2);
28) не достави до Регулаторната комисија за енергетика извештаи за финансискиот и физичкиот опсег на реализираните услуги, на начин и согласно со условите дадени во лиценцата ( член 86 став 3);
29) не го евидентира работењето на преносните капацитети, не подготвува прогноза за побарувачка на природен гас и не подготвува извештај за потребата од природен гас и нови преносни капацитети и за истото не ја известува Регулаторната комисија за енергетика по нејзино барање (член 86 став 4);
30) по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, не ги донесе и не ги објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција на природен гас (член 88 став 3);
31) не изготвува биланси за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем на природен гас и не ги доставува до вршителот на дејност управување со системот за пренос на природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас (член 89 став 3);
32) не донесе акт за работа на нафтоводот, односно продуктоводот (член 94 став 2);
33) актот за работа на нафтовод, односно продуктовод, не го достави до Регулаторната комисија за енергетика и до надлежните министерства од членот 97 став 2 на овој закон (член 94 став 2);
34) не им обезбеди по пат на преговарање пристап до слободните капацитети за транспорт на правните или физичките лица кои бараат транспорт на нафта или нафтени деривати (член 95 став 1);
35) не прибави лиценца за вршење на дејност складирање на нафта и/или нафтени деривати (член 96 став 3);
36) во секое време нема оперативни резерви од нафтени деривати за покривање на петдневен просечен обем на трговија, пресметан врз основа на остварениот обем на трговија за секој дериват одделно во претходната година (член 97 став 4);
37) не ги формира и чува стоковните резерви на нафтени деривати (член 103 став 1);
38) не го обезбедува извршувањето на обврските од членот 85 став 2, членот 86 став 1, членот 87 став 1, членот 88 став 2, членот 89 став 2 и членот 91 став 6 на овој закон;
39) врши полнење и дистрибуција на садови под притисок (боци) без да ги исполни условите од членот 98 на овој закон;
40) во секое време нема оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на седумдневни просечни потреби на тој производител во претходната година (член 101);
41) не ја испорача топлинската, односно геотермалната енергија, согласно со договорот и ако не достави до Регулаторната комисија за енергетика: финансиски извештаи и ревизија на финансиските извештаи изработена од овластен ревизор, извештаи за работењето и други податоци согласно со

условите пропишани со лиценцата од Регулаторната комисија за енергетика (член 110 став 2);
42) не ги извести корисниците и Министерството најмалку седум дена пред прекинот на дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија (член 109 став 4);
43) не ги извести домаќинствата и други помали корисници преку средствата за јавно информирање најмалку три дена пред прекинот на дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија (член 109 став 5);
44) по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, не ги донесе и не ги објави во "Службен весник на Република Македонија" мрежните правила за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија ( член 111 став 1);
45) не обезбеди сигурно и континуирано снабдување со топлинска, односно геотермална енергија (член 112 став 1);
46) не изготви биланси за потребите на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска, односно геотермална енергија (член 112 став 5);
47) не ја купува топлинската, односно геотермална енергија произведена од производител на топлинска, односно геотермална енергија кој не е регулиран производител, а кој се наоѓа на подрачје на опслужување на снабдувачот, доколку производителот кој не е регулиран производител нуди цена која е еднаква со или пониска од цената определена согласно со тарифната методологија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика (член 113 став 1);
48) не им обезбеди на лицата кои бараат приклучување на соодветната мрежа детална процена на трошоците поврзани со приклучувањето (член 114 став 2);
49) не обезбеди доверливост на деловните податоци и информации коишто ги добило од корисниците при вршењето на дејност (член 120 став 1);
50) ги злоупотребува деловните тајни и информации коишто се добиени од трети лица при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица (член 120 став 3);
51) не ги применува техничките спецификации и стандарди за ефикасно искористување на фосилните горива кои се однесуваат на новите моторни возила, постројките за производство на електрична и топлинска енергија и другите енергетски интензивни индустриски капацитети од аспект на енергетска ефикасност кои се продаваат и/или увезуваат на територијата на Република Македонија (член 131 став 7);
52) не достави податоци за изработка на програмата од членот 139 на овој закон, по барање на Министерството (член 136);
53) по барање на општината не достави податоци за изработка на програмата и планот за реализација на програмата од членот 142 на овој закон (член 139 став 2);
54) не ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија и од производство на електрична енергија од високо ефикасни комбинирани постројки (член 141 став 2);
55) уредите за домаќинства не ги етикетира во согласност со прописот за етикетирање пред ставање на пазар (член 150 став 2);

56) не го обезбедува извршувањето на обврските од членот 108 став 2, членот 109 став 2, членот 110 став 1 и членот 117 на овој закон;
57) гради, изведува други работи, засадува растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот ( член 143 став 1) и
58) врши дејност без претходно прибавена лиценца (член 37 став (1)).
(2) За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење соодветна енергетска дејност во траење од една до три години.
(3) За дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба за прекршок од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок и одговорното лице во правното лице.
(4) За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од три до пет години.

**Член 154**

Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) не дозволи премин преку земјиштето чиј сопственик или корисник е за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на преносни и дистрибутивни енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени;
2) гради, изведува други работи, засадува растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот (член 143 став 1);
3) уништи, оштети, манипулира или отстрани мерен уред сопственост на оператотот на дистрибутивниот систем и
4) не му овозможи пристап на овластеното лице на операторот на дистрибутивниот систем, на имотот или објектот до мерниот уред заради контрола, вградување, надзор, промена и замена на мерниот уред и исклучување на испораката на електрична енергија во случај кога корисникот ќе направи прекршок од овој закон или не извршил плакање за елекетричната енергија.

**Член 154-а**

(1)Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако договорите за купување на енергија и моќност не ги евидентира кај операторот на пазарот на електрична енергија (член 77).
(2)За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење соодветна енергетска дејност во траење од една до три години.
(3)За дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба за прекршок од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

(4)За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од три до пет години."

**XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 155**

(1) Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок до три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До донесувањето на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 156**

Постапките кои се отпочнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" број 47/97, 40/99, 98/2000, 94/2002, 38/2003 и 40/2005).

**Член 157**

Членовите на Регулаторната комисија за енергетика именувани пред датумот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

**Член 158**

Членовите на Комисијата за жалби именувани пред датумот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат да го извршуваат својот мандат по влегувањето во сила на овој закон.

**Член 159**

Лиценците издадени од Регуларторната комисија за енергетика пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до рокот кој е утврден во лиценцата.

**Член 160**

Вршителите на енергетската дејност кои до влегувањето во сила на овој закон не обезбедиле лиценца за вршење на енергетска дејност се должни во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање до Регулаторна комисија за енергетика за добивање на лиценца.

**Член 161**

(1) Членот 102 од овој закон ќе се применува со денот на влегувањето во сила на прописот од членот 105 на овој закон.
(2) Со денот на влегувањето во сила на прописот од ставот 1 на овој член ќе престане да важи членот 11 од Закон за стоковните резерви ("Службен весник на Република Македонија" број 68/2004).

**Член 162**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи алинеја 5 од точката 3 на членот 4 од Законот за основање на Агенција за

енергетика на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005).

**Член 163**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" број 47/97, 40/99, 98/2000, 94/2002, 38/2003 и 40/2005).

**Член 164**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".